**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 јули 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,24 часот**.**

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Владо Бучковски, Радмила Шекеринска, Славица Грковска Лошкова, Стојан Андов, Ратко Димитровски, Али Ахмети, Тито Петковски, Фијат Цаноски, Теута Арифи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноправно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и Претседателот на Судскиот буџетски совет.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за органско земјоделско производство, Законот за изменување и дополнување на Законот за семенски саден материјал за земјоделските растенија, Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделската инспекција, Законот за изменување и дополнување на законот за пасиштата, Законот за изменување и дополнување на Законот за виното и Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на земјоделска дејност.

Предлозите на законите Ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеновски:** Благодарам претседателе.

Измените на законите се предлагаат со цел усогласување со Законот за прекршоци кој веќе е во сила и во кој се пропишани најновите прекршочни санкции.

Донесувањето на овие закони е во согласност со мерките и активностите за реализација на главните приоритети од партнерството за пристастапување во Европската унија, донесени од Владата на Република Македонија и подржани од Советот на евроинтеграции.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за органско земјоделско производство го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници. од нив за предлогот гласаа 62 пратеници, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против, молам да крене?(нема)

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против .

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници. Од нив за предлогот гласаа 64 пратеници, нема воздржани, еден против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против, молам да крене?(нема)

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 65 пратеници, од нив за гласаа 64, нема воздржани, еден против .

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделската инспекција го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници. Од нив за предлогот гласаа 65 пратеници, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против, молам да крене?(нема)

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 65 пратеници, од нив за гласаа 65, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за пасиштата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 пратеник гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против, молам да крене?(нема)

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 пратеник гласаа за, нема воздржани, нема против .

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за виното го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против, молам да крене?(нема)

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против .

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на земјоделска дејност го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против, молам да крене?(нема)

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против .

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат Законот за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација и изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Предлозите ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи двата предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие предлози да се донесат по итна постапка .

Има збор министерот за финансии господиннот Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници добар ден. Како што ви е познато се продолжи рокот за поднесување на барања за денационализација до декември 2007 година. Од таму се укажа потребата за решенијата што се однесуваат на 2007 година, кои стануваат правосилни, да се продолжи рокот на ЗАконот за издавање на обврзници за денационализација за две години.

Да ве известам дека беа емитирани во изминатиот период 6 емисии на обврзници за денационализација. Вообичаено емисијата била во февруари и се однесувала на решенијата од претходната година и оттука по итна постапка да се донесе овој закон за измени на Законот за денационализација.

Почитувани пратеници, точката 8 од дневниот ред кој што ви е предложен се измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2008 година, пошто Владата го предлага да се донесе по итна постапка заради следново. Постои потреба од навремено извршување на расходите, особено на капиталните расходи, чија реализација е поврзана со започнување на тендерски процедури.

Понатаму, во меѓувреме се прифатени законски решенија чии ефекти не беа планирани во иницијалниот Буџет за 2008 година, како што се: Законот за материјално обезбедување на невработените лица, поради приватизација на претпријатијата со доминанатна сопственост на државата, кој што вие го изгласавте во текот на вчерашниот ден. Понатаму, програмата за активни мерки за вработување на млади лица до 27 години, реализација на пакетот на мерки за ублажување на цената на нафтата, преземени мерки за набавка на бесплатни учебници во основното и средно образование. Понатаму, реализација на законски решенија за формирање

на нови универзитети и факултети, формирање на нови државни институции итн. Исто така со ребалансот на Буџетот се намалуваат одредени расходи кај кои е забележана послаба реализација на средставата во првата полвина од годината. Од тука, постои потреба од итност за донесување на измените и дополнувањата на Буџетот, бидејши во спротивно нема да постои законска основа тие расходи да бидат стопирани.

Почитувани пратеници, ова се причините зошто Владата ги предлага измените и дополнувањата на Буџетот за 2008 година по итна постапка.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за издавање на обврзница на Република Македонија за денационализација го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против, молам да крене?(нема)

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против .

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Изменувањето и дополнувањето на Буџетот за 2008 година го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против, молам да крене?(нема)

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против .

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Според тоа за седницата го предлагам следниот дневен ред:

1.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот органско земјоделско производство;

2.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија;

3.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделската инспекција;

4.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пасишта;

5.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното;

6.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на земјоделска дејност;

7.Предлог на закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација;

8.Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Дали има некои предлози, изменувања и дополнувања на предложениот дневен ред.

Има збор господин Макрадули Јани, повелете процедурално.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Во име на пратеничката група јас ќе побарам точката 8 од предложениот дневен ред да се симне од денешниот дневниот ред и затоа ќе дадам образложение.

Имено, согласно член 56 од Деловникот за работа на ова Собрание, претседателот на Собранието ја испитува уредноста за иницијативата за предлагање за донесување на закон. По член 137 ако предлогот за донесување закон не е подготвен во согласност со одредбите на овој Деловник, претседателот на Собранието пред да го достави ќе побара од предлагачот да го усогласи со одредбите од овој Деловник. Се повикувам, покрај на деловничката ваша обврска точка на дневен ред да поставувате закони коишто се во согласност со други закони и Уставот на Република Македонија, ќе се повикам на Законот за Буџет точка 30, во која што Собранието на Република Македонија не може да го разгледува предлогот на Буџет на Република Македонија пред да поминат 20 дена од денот кога истиот бил доставен до Собранието на Република Македонија или истото се однесува на член 36 став 34 од ЗАконот за Буџет дека доколку отстапувањето од планот на приходите и други приливи од овој член е повисок од 5%, Владата на Република Македонија до Собранието доставува измени и дополнувања на Буџетот(ребаланс на Буџетот) за кои што важат истите одредби од предлагање на Буџет.

Затоа, почитуван претседателе, да не ја повториме рашомонијадата кога во декември надвор од процедурата и законите ова Собрание донесе пренамена на средства од 45 милиони евра, за кои што читаме по вашите бивши очигледно омилени неделници за кои се криминалистички и субверзивни активности биле наменети, од пенкала шпиунски до камери наменети за тројките на ВМРО ДПМНЕ. За тие 45

милиони разбравме, но сега кога се работи за 260-тина милиони евра никој, па макар имале и 119 пратеници не ви дава за право да работите спротивно на законите во Република Македонија. Не може да разледуваме ребаланс на Буџетот кој што не бил 20 дена во Собранието на Република Македонија.

Затоа, барам оваа точка да се симне и да ја разгледуваат како што треба сите комисии во Собранието, бидејќи во 20 дена и ќе ги формираме комисиите и ќе му дадеме легимитет да се обидеме да му дадеме на нешто што од почеток е погрешно поставено. Затоа , барам оваа точка да биде симната од денешниот дневен ред, бидејќи прво е поставена надвор од законите во Република Македонија, од Деловникот и второ да се изјасни Собранието дали сака да учествува во ваков непроцедурален и нелегитимен чекор. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Пред да го ставам предлогот на господинот Макрадули Јани, затоа се имаше предлог измешано малку со процедурално забелешка по мене, морам да дадам образложение.

Јас ја разгледав ситуацијата применета на Деловникот во истиот овој деловник кој што е во важност од 2002 година.

На 3-ти декември по итна постапка има ребаланс, а истиот е разгледуван на 4 декември, еден ден после тоа.

Во 2002 година на 3-ти декември е Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2002 , по итна постапка на 3 декември.

Може ли да се сослушаме, јас бев стрплив...

Господине Ќуркчиев, јас бев стрплив и го сослушав дури повеќе од три минути господинот Макрадули и сега мислам дека треба да бидеме коректни. Ова е од службите добиено, не е измислено факти се.

Значи Предлогот за изенување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година по итна постапка на 3-ти декември втор ребаланс, а истиот е разгледуван на седница на Собранието на 4-ти декември следниот ден.

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година по итна постапка на 4-ти септември 2003 истиот е разгледуван на седница на Собранието на 17-ти септември 2003. Значи и претходно и претходниот Деловник кој што не е овој имало такви случаи. Во сегашниот кој што е важечки, бил важечки и 2002, бил и во 2003 и тогаш се применувало истите ситуации зато што и во Деловникот пишува. Се применуваат одредбите за носење на законите како што се носи и за ребалансот. И затоа кога се носи по итно ќе ви дадам, во ред кога се носи по итна постапка. Ребалансот се применува истите случаеви како што се носат законите, а тогаш имаме скратени рокови за носење односно може и одма да се стави на седница, како што било во 2002 година.

Јас од тие одредби, од таа пракса се раководев при закажувањето на оваа седница и при ставањето на точката на дневен ред.

Поради тоа што еве пак побара процедурално, господинот Макрадули Јани, јас пред да го ставам на гласање предлогот да се симне точката 8, давам процедурално три минути.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас нема да се повикам на вашите интервјуа во весниците, ќе се повикам на вашата професија. Значи вие сте правник и очекувам од вас не само како правник туку како претседател на Собранието, да ги почитуваме законите во Република Македонија.

Вие дадовте два примера за 2002, 2003 година. Јас го читам законот за Буџетот донесен на 3-ти август 2005 година. Во Законот донесен за буџети на 3-ти август 2005 година, три години после 2002 и две години по 2003, пишува "Собранието на Република Македонија не може да го разгледува Предлогот на Буџет на Република Македонија пред да поминат 20 дена од денот кога истиот бил доставен до Собранието на Република Македонија" . Ова е Законот за буџетите. Очекувам вие како правник, но пред се како претседател на Собранието согласно интервјуата што ги давате во дневниот весник да ги почитувате основните закони во Република Македонија. Затоа да не зборуваме за 2002, 2003 година кога Законот за Буџет е донесен на 3-ти август 2005 година.

И затоа, не што треба да се гласа за ова, вие мора, бидејќи е тоа ваша задача, ако Законот не е подготвен согласно законите во Република Македонија воопшто да го поставите на дневен ред, без разлика на бројот на пратениците. Јас знам дека 266 милиони евра за ВМРО-ДПМНЕ е се ништо. Ги троши на 1 јуни. Тоа не е проблем за нив. Туку е проблем законите да се почитуваат во оваа држава, за нас, за вас, за граѓаните на Република Македонија, за доброто на сите, ако сакаме да направиме држава во која што граѓаните ќе се чувствуваат сигурни, безбедни, држава во која што ќе се почитуваат законите. А не некој, затоа што има 63 пратеници мисли дека може да прави што сака. Не, затоа постојат законите.

Членот 30, точка 2, член 36 точка 4, трети август 2005 година, Закон за буџети. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Да дадам објаснување, бидејќи се повикавте на Законот. Тоа законско решение што го спомнавте од Законот за буџет било исто во Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите од 2000 година. Истото тоа решение. И, кога се водела дебата дали да има или не по итна постапка, се раководеле по тоа, согласно тоа законско решение во 2000 година. Не е измислено прв пат тоа законско решение, па сега

ние да го применуваме. Такво законско решение било предвидено и во Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите од 2000 година. Благодарам.

Предлогот на господинот Макрадули Јани да се тргне точката 8 го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеници, за гласаа 15, нема воздржани, против 57 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По предлогот вкупно гласаа 72 пратеници за гласаа 15, нема воздржани, против 57 пратеници.

Констатирам дека предлогот од господинот Јани Макрадули не е прифатен.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 81 пратеник, за гласаа 67 пратеници, нема воздржани, против 14 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По предложениот дневен ред вкупно гласале 81 пратеник, за гласале 67 пратеници, воздржани нема, 14 пратеници гласале против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за органско земјоделско производство.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласале за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 70 пратеници, од нив 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за органско земјоделско производство.

**Минуваме на точка 2 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија.

**Минуваме на точка 3 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделската инспекција.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделската инспекција.

**Минуваме на точка 4 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пасиштата.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за пасиштата.

**Минуваме на точка 5 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за виното.

**Минуваме на точка 6 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење ма земјоделска дејност.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на земјоделска дејност.

**Минуваме на точка 7 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за

издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација.

**Минуваме на точка 8 - Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.**

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија Ви е доставен.

Отворам општ претрес по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Особена чест и задоволство ми е на оваа седница да ги предложам измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2008 година, кои директно ги рефлектираат досегашните достигнувања и резултати, како и новите политики и мерки неопходни во остварувањето на јасно поставените цели и задачи на Владата на Република Македонија.

Предложените измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2008 година го отсликуваат континуитетот на активностите на Владата во остварувањето на амбициозните програмски цели за забрзување на економскиот раст, подобрување на животниот стандард на населението, зголемување на вработеноста, засилената борба против корупцијата и интензивирање на интегративните процеси во ЕУ и НАТО.

Дозволете ми, почитувани, на почетокот да направам краток осврт на состојбите во македонската економија во полугодието што измина и да ве запознам со остварените движења на основните макро економски индикатори во изминатите месеци во 2008 година.

Задоволство ми е да истакнам дека силниот економски раст кој беше присутен во текот на 2007 година, продолжи и на почетокот од 2008 година. Имено, во првиот квартал од оваа година, бруто домашниот производ забележа пораст од 5,2% во однос на истиот период од минатата година. Имајќи предвид дека растот во првиот квартал од 2007 година изнесуваше 6,8%, односно споредбената основа е на повисоко ниво, ова навистина претставува одличен резултат и показател дека позитивниот деловен циклус продолжува и во 2008 година.

Ваквиот заклучок е поддржан и со растот на индустриското производство кој за првите пет месеци од 2008 година изнесува 8,3%. Притоа, остварениот раст генерално е дисперзиран, односно од вкупно 24 индустриски гранки, кај 17 гранки е забележан пораст, од кои во дванаесет сектори е забележан двоцифрен пораст.

Истовремено, бруто инвестициите во првиот квартал од 2008 година забележаа номинален пораст од дури 75%, при што нивното учество во кварталниот БДП забележа пораст од 9 процентни поени, односно од 15%, колку што беше во првиот квартал од 2007 година, на 24% во првиот квартал од 2008 година. Ваквиот пораст претставува сигурен показател дека растот ќе продолжи и во идниот период.

Странските директни инвестиции за првиот квартал од 2008 година изнесуваат 128 милиони евра, што во однос на истиот период од минатата година претставува зголемување од 108 милиони евра или за околу пет пати зголемување, 500%.

Зголемената економска активност присутна во реалниот сектор се рефлектираше и во надворешниот сектор. Имено, во првите пет месеци од 2008 година, вкупната надворешно-трговска размена, во однос на истиот период минатата година, во доларска вредност забележа висок пораст од 45%. Притоа, физичкиот обем (количинскиот) на извозот е зголемен за 7,3%, а неговата вредност достигна 1,6 милијарди долари, што претставува пораст од 30%. Зголемувањето на количинскиот увоз на стоки изнесува 4,3%, а вредноста на увозот оствари вредност од 2,8 милијарди долари, или пораст од 50,5%. Притоа, нивото на девизни резерви во анализираниот период е стабилно и изнесува 1,55 милијарди евра со состојба 30 јуни 2008 година.

При вакви движења, поради поинтензивниот пораст на увозот од извозот дојде до продлабочување на дефицитот во стоковната размена. Најголем придонес во зголемувањето на дефицитот има порастот на негативното салдо во размената на опрема и енергија, а посебно на увозот на нафта и производи од нафта. Имено, поради повисоките увозни цени, вредноста на увезената нафта во првите четири месеци од оваа година бележи пораст од 63,4% во однос на истиот период минатата година, во услови на благо намален количински увоз на нафтата.

Се разбира значителниот пораст на увозот на опремата е уште еден показател дека е засилена инвестициската активност и потврда за продолжување на засилениот економски раст во Република Македонија.

Во рамки на пазарот на труд, стапката на невработеност продолжи да се намалува и во првиот квартал од 2008 година достигна 34.8%, што во однос на истиот период од минатата година претставува намалување за 1 процентен поен. Иако со бавно темпо, невработеноста континуирано се намалува во изминатите три години, што претставува позитивна тенденција, која е истовремено придружена и со пораст на

вработеноста. Така, во првиот квартал од 2008 година стапката на вработеност изнесува 36,7%, што исто така претставува зголемување од 1 процентен поен на годишно ниво.

Порастот во реалниот сектор и вработеноста забележани во првиот квартал од 2008 година придонесоа и за позитивни ефекти врз животниот стандард на граѓаните на нашата држава. Имено, просечната исплатена нето плата во април 2008 година изнесува 15.605 денари, што во однос на истиот месец од претходната година претставува пораст од 9,2%, додека процентот на вработени кои не зеле плата за претходниот месец изнесува 9,1% што во однос на април 2007 година претставува намалување од 3.1 процентен поен.

Најголем проблем за македонската економија во 2008 година, останува растот на цените т.е. инфлацијата, која мерена преку трошоците на живот, во јуни 2008 година изнесува 10,1%, што главно се должи на порастот на цените за храна и порастот на цените на енергенсите.

Во 2008 година основен предизвик за монетарната политика е повисоката стапка на инфлација и зголемениот дефицит на тековната сметка од платниот биланс на почетокот од годината. Притоа, во изминатиот период НБРМ презеде одредени мерки со цел намалување на инфлацијата. Имено, во март 2008 година, монетарната власт воведе промена во политиката на тендерирање на благајничките записи, односно промена од тендер со каматни стапки во стапки на тендер со износи, како мерка за забавување на растот на кредитирањето и инфлацијата. Така, во мај 2008 година, каматната стапка на благајничките записи изнесуваше 7%, што претставува пораст од 1 процентен поен во однос на април 2008 година. Во јуни 2008 година, беше воведен и инструментот задолжителен депозит за банките, кај кои растот на кредитирањето е над 40%. Сепак, имајќи ги предвид причините за повисоката инфлација, мерките на монетарната политика се покажаа не многу ефикасни во намалувањето на инфлацијата, иако нивното влијание врз инфлациските очекувања има одреден ефект.

Во анализираниот период, цените за исхрана во Република Македонија забележаа раст од 19,2%, што е слично со растот во останатите земји во регионот, односно во Бугарија-25% раст на цените на храната, во Србија-24%, Словенија-11,6%, Босна и Херцеговина-13,7%, што упатува на фактот дека инфлацијата во Република Македонија е увезена однадвор како глобален феномен, односно не претставува структурен проблем на македонската економија, како што тоа беше случај во некои други времиња зад нас.

И покрај тоа што, државните институции немаат на располагање премногу инструменти со кои во овие услови можат значително да влијаат врз намалувањето на инфлацијата, оние кои ги имаат се во функција на ублажување на ударот од порастот на цените. Владата на Република Македонија воопшто не го потценува растот на цените и постојано го следи.

Имено, намалувањето на данокот на додадена вредност за лековите, јавниот транспорт и компјутерската опрема во 2007 година, како и дисциплинираното и контролирано трошење во почетокот од 2008 година, влијаеше растот на стапката на инфлација да биде делумно амортизиран. Стратегиската определба на Владата за зголемување на поддршката на македонските земјоделци е во функција на обезбедување поефтина и поквалитетна храна од домашно производство. За најсиромашните семејства приматели на социјална помош Владата го зголеми паричниот надоместок.

Дополнително на ова, а со цел ублажување на негативните ефекти од порастот на цената на нафтата, Владата на Република Македонија предложи пакет од 8 мерки за ублажување на последиците од таквиот пораст. Мерките превентивно се насочија кон поддршка на земјоделците, транспортерите, македонските претпријатија, корисниците на автомобили, но и останатите граѓани, кои на директен или индиректен начин се погодени од енормниот пораст на цената на нафтата. Ваквите мерки се слични на мерките кои различни европски земји ги спроведуваат со цел да ги намалат негативните ефекти од порастот на цените на нафтата.

Почитувани,

Во последните три месеци растот на цените на месечно ниво во Република Македонија е меѓу 0,2 и 0,3%. Преведено на годишно ниво тоа изнесува некаде околу 3%. Што значи дека растот на цените во Република Македонија веќе неколку месеци е ставен под контрола. До крајот на годината, со оглед на повисоките нивоа со кои ќе се мери стапката на инфлација мерена како раст на цените преку трошоците на живот во однос на минатата година кога започна растот на цените, се очекува реализација на владината проекција, договорена со ММФ дека стапката на инфлација ќе биде во ранг од 5 до 6% на годишно ниво. Тоа значи дека не постојат никакви предизвици, не постојат никакви причини за промена на релативниот паритет на денарот во однос на еврото, кој што останува како што беше и досега. Сите политики Владата на Република Македонија во однос на движењето на цените ги координира со Народна банка на Република Македонија и така ќе продолжи и во иднина.

Почитувани пратеници,

Во тековнава година пристигна уште една потврда за подобрената економска состојба и деловна клима во Република Македонија. Покрај оние од Светската банка и Транспаренцѕ Интернатионал, за кои сте добро информирани потврда доаѓа и од американскиот магазин

“Форбес” според кој Македонија се најде на 50-то место во создавање услови за водење на бизнис, што претставува напредок од 32 места во споредба со минатата година. Истовремено, во категоријата монетарна слобода, Република Македонија се најде меѓу првите десет земји, заземајќи го високото осмо место. Преведно ова значи дека Народна банка на Република Македонија односно монетарната власт ужива едно од највисоките нивоа на независност во светот.

И во 2008 година, продолжуваме со истото темпо. Во 2008 година продолжуваат реформите за подобрување на деловното окружување преку:

Примена на мерки за понатамошно олеснување на процесот на отпочнување на бизнис во Република Македонија, продолжување на проектот за издавање дигитален сертификат за сите правни лица во Република Македонија, со што ќе се создадат услови за широка примена на електронскиот потпис, ќе се зголеми обемот на електронски услуги помеѓу бизнисите и ќе се создадат услови за намалување на административните трошоци за претпријатијата. Потоа, во процесот на отстранување на пречките за брз излез од пазарот, поточно во областа на стечај и ликвидација, во тек е имплементација на процесот на забрзана постапка за доброволно затворање на претпријатија, која ќе овозможи брза, ефикасна и економична доброволна ликвидација. Исто така, спроведувањето на втората фаза од Проектот “Регулаторна гилотина”, дополнително ќе придонесе за олеснувањето на водењето бизнис, односно со нејзиното продолжување се придонесува за поедноставни, појасни и поефтини прописи и процедури. Во таа насока, во наредниот период се предвидува подготовка на законска рамка за воведување на механизмот за проценка на влијанието на новата регулатива (Регулаторs Импацт Ассессмент), со која, за секој нов пропис, пред влегување во владина процедура, ќе се оценува неговото влијание врз деловниот сектор и ќе се вршат задолжителнни консултации со сите засегнати страни.

Заштитата на сопственичките права е врвен приоритет за Владата на Република Македонија. Во таа насока продолжува реформата на катастарот при што до 2008 година се очекува катастарот на недвижности да е востановен во 82% од катастарските општини.

Понатаму, продолжуваат реформите во системот на формалното образование (основно и средно), како и во неформалното образование, стручното и доживотното учење. Отворањето на новиот Универзитет за информатички технологии претставува чекор напред за задоволување на пазарот на труд за ваков тип на квалификувани работници, кои во моментот се најбарани во Република Македонија и во Европската Унија.

Без квалитетна јавна администрација, нема поволна деловна клима и окружување и брз развој. Оттука, Владата ќе настојува да обезбеди натамошно усовршување на државните службеници, мотивирање за попродуктивно работење и подобро опслужување на населението и приватниот сектор. Дополнително, понатамошни обуки се неопходни и заради тоа што од капацитетот на државните институции зависи и искористувањето на достапните предпристапни ИПА фондови од Европската унија. Непримерното и коруптивно однесување, како и досега, и понатаму ќе биде санкционирано.

Почитувани пратеници,

Во насока на подобрување на надворешно-трговската размена и олеснување на водењето на бизнис во Република Македонија е и воведувањето на едношалтерскиот систем за електронско поднесување на документи за извоз и увоз. Ваквата реформа ќе овозможи интензивирање на надворешно трговската размена како и помалку бирократски активности за бизнисмените во Република Македонија.

За подобрувањето на деловната клима во Република Македонија и намалување на трошоците на домашните и странски претпријатија, а со крајна цел ублажување на најгорливиот проблем на македонската економија невработеноста, планирани се бројни реформи во социјалната сфера. Ќе издвојам накратко само дел од нив односно:

До крајот на годината ќе започне интегрираната наплата на социјалните придонеси, најпрво во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, а потоа во Управата за јавни приходи. Ваквата реформа ќе овозможи понатамошно поедноставување на процесот на плаќање на социјалните придонеси, а истовремено и подобра контрола на наплатата, односно намалена евазија.

Покрај останатите активни политики кои се применуваат досега, Владата на Република Македонија воведува уште една политика насочена кон младите лица односно субвенционирање на придонесот за здравствено осигурување во првите 18 месеци од вработувањето на млади лица до 27 години, со услов да бидат вработени најмалку уште две години потоа. Истата поволност се однесува и на лицата што останале без работа по основа на стечај. Тоа ќе овозможи да се намалат вкупните трошоци и да се зголеми бројот на вработени млади лица, како и да се стимулира вработувањето на лицата кои ја изгубиле работата врз основа на стечај.

Заради ублажување на социјалниот товар во Република Македонија, Владата на Република Македонија излезе во пресрет на граѓаните на Република Македонија со работен стаж од над 25 години, кои останале без работа од претпријатијата со доминантен државен капитал, со тоа што ќе обезбеди средства во висина на

една третина од просечна македонска плата за оваа категорија на граѓани.

Последните реформи се вовед во реформите планирани за 2009 година, од кои би ги издвоил: воведување на концептот на исплата на бруто плата на работниците и намалувањето на стапките на социјалните придонеси континуирано во текот на наредните три години, за 10 п.п., односно од сегашните кумулативни 32% на 22%, како и целосно усогласување и интегрирање на основиците, пресметките и наплатата на социјалните придонеси, вклучително и персоналниот данок на доход.

Почитувани пратеници,

Би сакал да истакнам дека вака дефинираните политики креирани во функција на остварување на стратегиските приоритети, односно забрзување на економскиот раст, а индиректно на животниот стандард на населението и забрзување на интегративните процеси во ЕУ и НАТО се основа на предложените Измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Фискалната политика во текот на оваа година, рефлектирана преку општиот владин буџет, се спроведуваше во рамки на иницијално планираните политики, насоки и проекции, обезбедувајќи редовно финансирање и извршување на функциите на државата, навремено финансирање на законските обврски, имплементирање на структурните реформи и значајни капитални проекти, намалување на нивото на надворешниот долг, како и континуирана поддршка на монетарната политика. Ваквите остварувања во фискалната политика обезбедија натамошна фискална консолидација, продолжување на политиката на низок и контролиран буџетски дефицит како солидна основа за фискална одржливост на среден рок.

Почитувани пратеници,

Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2008 година, односно соодветното ревидирање на реализацијата на приходите и расходите се темелат на следните претпоставки:

1. Зголемена реализација генерално кај сите видови даночни приходи, освен кај царините, каде што во првите шест месеци е забележано потфрлање во однос на планираното за околу 15%;

2. Очекувано поголемо ниво на уплата на дивидендата од АД Македонски телекомуникации од планираното со буџетот за 2008 година,

3. Очекувани зголемени приливи од концесии и приватизација;

Согласно наведените претпоставки, ревидирани се иницијалните проекции на приходите на ниво од 144.706 милиони денари до крајот на годината, што претставува зголемување од 12,4% во однос на иницијалните проекции со буџетот и истото се должи на досегашните реални остварувања во првата половина од годината, кои се значително над планираните очекувања за 10,25%.

Во овие рамки приходите од персоналниот данок на доход до крајот на годината се предвидува да изнесуваат 8.900 милиони денари, што претставува зголемување од 7% во однос на првичните проекции со Буџетот. Инаку, планираниот приход по основ на овој данок, во првите шест месеци од годината, беше натфрлен за 5,7%. Приходите по основ на данокот на добивка до крајот на годината се планираат на значително повисоко ниво од 9.000 милиони денари. Истите се зголемени во однос на планираните износи со иницијалниот Буџет за 71%, пред сé заради оствареното натфрлање кај данокот на добивка во првите шест месеци од годината за 61,6%. Ваквата реализација на данокот на добивка и персоналниот данок од доход, во суштина ја потврдува правилната реформска определба за воведување на концептот на рамен данок, која не предизвика никакви нарушувања, туку напротив овозможи зголемување на даночните приходи, стимулирајќи ги даночните обврзници за навремено и целосно исполнување на намалените обврски кон државата. Приходите од данокот на додадена вредност до крајот на годината се ревидирани на ниво од 38.661 милиони денари, односно зголемување во однос на планираното со Буџетот за 6,5%. Приходите од овој данок во првата половина од годината се реализирани за 932 милиони денари повеќе во однос на планираното, што дава реална можност за нивна преоценка на значително повисоко ниво до крајот на годината.

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2008 година вкупните расходи до крајот на годината се проектирани во износ од 150.371 мил денари, што претставува зголемување од 12% во однос на иницијалните проекции со Буџетот. Во овие рамки тековните расходи се преоценети на ниво од 123.489 милиони денари, односно зголемување од 9,5%, додека капиталните расходи се оценети на повисоко ниво од 12.919 милиони денари, што претставува зголемување од 25,4% со овој ребаланс во однос на иницијалните проекции. Пониското ревидирање на проекциите на тековните расходи до крајот на годината, се должи на позабавената динамика на реализација во изминатите месеци, како и на потребата за продолжувањето на напорите за рестриктивна буџетска потрошувачка и контролирано трошење, особено на непродуктивните трошоци. Од друга страна, капиталните расходи се преоценети на повисоко ниво, согласно завршените тендерски процедури и потребата за реализација на започнатите капитални проекти. На овој начин ќе се обезбеди антиинфлаторен ефект врз зголемените трошоци на живот, а

истовремено дополнително ќе се поттикне економскиот развој.

Почитувани пратеници,

Во врска со предложените ревидирања на проекциите на приходите и расходите до крајот на годината, би сакал да ја демантирам неодржливоста на тезата, која во изминатите месеци често беше потенцирана во дел од јавноста и некои медиуми, а тоа е дека со зголемените расходи се врши притисок и подгревање на инфлацијата. Во овој контекст би сакал да потенцирам дека во основа секое трошење, кое има реално обезбедени извори, односно приходи, не претставува притисок врз инфлацијата, туку напротив зголемените расходи, особено капиталните, можат да имаат само позитивен одраз врз забрзувањето на економскиот развој, имајќи го во предвид нискиот и контролираниот буџетски дефицит.

На расходната страна обезбедени се дополнителни средства, кои во најголем дел се алоцирани за следните намени:

За образованието се обезбедени дополнителни средства во вкупен износ од 1,5 милијарди денари, кои ќе бидат наменети за: имплементација на задолжителното средно образование (237 милиони ден.); целосна имплементација на Проектот “Компјутер за секое дете” (дополнителни околку 610 милиони ден. за електрично и комуникациско поврзување на училиштата и набавка на клупи за компјутерите); бесплатни учебници за социјално загрозените семејства во основното и средното образование (100 милиони ден.); за новиот Универзитет за информатички технологии (59 милиони ден.); соработка со професори од врвни универзитети од странство; дополнителни средства за капитални инвестиции во постојните универзитети се издвојуваат 265 милиони ден., во кои се вклучени средства и за новите дисперзирани факултети; бесплатен интернет пристап во студентските домови се обезбедуваaат 15 милиони ден. и унапредување на научно-истражувачката работа во Република Македонија дополнителни 26 милиони ден. итн.

2. Со цел ублажување на негативните ефекти од порастот на цените на нафтата, Владата на Република Македонија согласно предложените пакет мерки за ублажување на последиците од тој пораст, предвиде дополнителни средства за реализација на овие мерки. Ефектот од овие мерки е пресметан во износ од 300 милиони денари, како субвенција за 70.000 земјоделци и намалување на приходите на Фондот за патишта по основ на патарина и регистрација во износ од 450 милиони денари;

3. Со цел намалување на средствата за закупнини во дипломатско конзуларни претставништва на Република Македонија се обезбедени дополнителни средства во износ од 200 милиони денари за купување на амбасадите во Лондон и Москва и канцелариите за врски во Токио и Казахстан;

4. За подобрување на водоводно-канализациските системи во приградските населби во повеќе општини се обезбедени дополнителни средства во вкупен износ од 56 милиони денари како трансфер на средства до општините;

5. Во функција на потикнување на вработеноста особено на млади лица, како и реинтеграција на невработени лица на кои им престанал работниот основ по основ на стечај, Владата на Република Македонија во рамките на активните политики за вработување предвиде дополнителни средства за реализација на мерката за субвенционирање на придонесот за здравствено осигурување при вработувањето на млади лица до 27 години и вработување на лица што останале без работа по основа на стечај, во износ од 56 милиони денари. На ваков начин се обезбедува финансиска поддршка на работодавачите за околу 5,000 вработувања по овој основ;

6. Во оваа насока, превземени се и мерки за материјално обезбедување на 6,000 невработени лица по основ на стечај и ликвидација од претпријатија со доминантна државна сопственост, до нивно повторно вработување или пензионирање, за што се обезбедија средства во износ од 90 милиони денари.

Понатаму, со цел унапредување на информатичко-комуникациските технологии, обезбедени се дополнителни средства за формирање на ново Министерство за информатичко општество, во рамките на кое се предвидени средства за имплементација на проектот Е-услуги во износ од 10 милиони денари, потоа документациски менаџмент систем во износ од 61 мил ден и 160 мил денари за реализација на проектот “Електронска здравствена картичка”;

Со цел поголема мотивација на државните службеници, преку имплементација на законските одредби од Законот на државни службеници, обезбедени се дополнителни средства за исплата на додаток за кариера во износ од 20 милиони денари. Спроведувањето на овие одредби од Законот за државни службеници ќе започне од 1 септември 2008 година и претставува една од мерките насочени кон исполнување на реперите (бенчмаркс) за приближување на Република Македонија кон Европската унија.

Понатаму за редовна исплата на пензиите се обезбедени се зголемени средства до крајот на годината во вкупен износ од 31.308 милиони денари, наменети за вкупно 277.961 корисници на пензија, со просечна пензија од 8.882 денари (со состојба во мај оваа година). На ваков начин ќе се обезбеди подобрување на материјалната и

социјалната положба на корисниците на пензија, како резултат на примена на новото законско решение за усогласување на пензиите како и дополнителното зголемување на пензиите.

За исплата на паричен надоместок на невработените лица преку Агенцијата за вработување до крајот на годината ќе се наменат 1.615 милиони денари за материјално обезбедување на 24.159 лица (со состојба во мај), што претставува намалување за 527 лица во споредба со декември минатата година. Покрај редовната и навремена исплата на надоместоците на невработените лица, Агенцијата за вработување ќе продолжи со успешното имплементирање на активните мерки за вработување, спроведување на проектот за самовработување со кредитирање, како и редовни обуки за преквалификација и доквалификација на невработените лица.

За финансирање на здравствените услуги и надоместоци до крајот на годината се планирани средства во вкупен износ од 18.142 милиони денари или повеќе за 11,5% во однос на Буџетот, пред се заради зголемениот вид и обем на здравствени услуги. При тоа Фондот за здравствено осигурување ќе продоложи со реформскиот пат за имплементација на започнатите реформи, тековно сервисирање на достасаните неизмирени обврски за лекови и медицински потрошен материјал во јавните здравствени установи, при што за истакнување е целосното измирување на долговите со рок на доспеаност над 60 дена. Позитивните резултати постигнати во намалувањето на долгот во здравствениот сектор се секако резултат на успешно реализираните реформи, подобрување на менаџментот во користењето на расположивите средства и зајакнување на финансиските контроли. Имено, целосно е заокружена приватизацијата во примарното здравство, успешно се реализирани обуките за здравствениот менаџмент на преку 600 учесници, лекари и економисти, воведени се единствени цени на лековите и започнаа активности за примена на плаќање на здравствени услуги според дијагностички сродни групи (ДРГ).

За имплементација на Акцискиот план за борба против корупцијата, како еден од врвните приоритети на Владата на Република Македонија, планирани се дополнителни средства во износ од 102 милиони денари во рамките на буџетите на одделни министерства и органи, надлежни за реализација на активностите во следните области: политички систем и политички партии, правосудство, јавна администрација, локална самоуправа, надзорни тела, како и во рамките на приватниот и граѓанскиот сектор.

Почитувани пратеници,

Би сакал да истакнам дека вака ревидираните проекции на приходите и расходите до крајот на годината не предизвикуваат поместувања кај дефицитот, односно истиот е оценет на ниво од 5.665 милиони денари, што е во рамките на 1,5% од планираниот Бруто домашен производ. Одржувањето на ова ниво на дефицит, како јасно дефинирано фискално сидро, ќе има позитивен анти-инфлаторен ефект врз стабилизирањето на цените, значителна поддршка на режимот на фиксен девизен курс и зголемување на кредибилитетот на државата во меѓународни рамки. Во рамките на планираниот дефицит на консолидираниот буџет вклучен е дефицитот на централниот буџет кој изнесува само 0,08% од бруто домашниот производ, потоа дефицитот на буџетот на Фондот за патишта кој е 0,34% од бруто домашниот производ, дефицитот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија кој изнесува 0,53% од бруто домашниот производ и дефицитот од реализацијата на проектите финансирани од странски кредити кој е 0,53% од бруто домашниот производ.

Финансирањето на планираниот буџетски дефицит и редовното сервисирање на обврските по основ на домашниот и надворешниот долг, ќе се обезбеди воглавно од домашни извори, односно од планираните приливи од приватизација, концесија и од емисијата на државните хартии од вредност, при што до крајот на годината ќе се обезбеди и зголемување на депозитот во износ од 700 милиони денари.

Почитувани пратеници,

На крајот би сакал да потенцирам дека вака предложените измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за оваа година, како и неговата реализација, ќе бидат тест и потврда за успешноста на економска програма на Владата на Република Македонија.

Предлог измените и дополнувањата во Буџетот за 2008 година ќе обезбедат финансиска поддршка на приоритетните активности на Владата на Република Македонија и силно верувам дека истите ќе придонесат за рапидно менување на економската и социјалната средина и во создавањето на подобра иднина за сите нас.

Ви благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Доколку би сакал да говорам во стилот на ВМРО ДПМНЕ би го обвинил министерот за финансии дека е еден од истакнатите кочничари на преродбата, бидејќи зборуваше 40-тина минути и со тоа значително негативно се одрази на преродбата на ВМРО ДПМНЕ и на државата.

Имајќи предвид дека дефакто го раскажа или го препрочита уште еднаш самото образложение на предложениот ребаланс на Буџетот.

Но, шегата на страна, работата е многу сериозна и сите претставници на СДСМ во Парламентот инсистираат на комплетно почитување и на формата при носење на вакви стратешки крупни документи.

Пред малку колегата Макрадули зборуваше дека носењето на овој ребаланс на Буџетот не е во согласност со Законот за буџети, тоа е првата работа и тоа е сериозна фалинка на ова носење на овој ребаланс на Буџет, со оглед на тоа што ние не носиме едноставна одлука за било каква работа, туку носиме Буџет. Јас верувам дека Владата на ВМРО ДПМНЕ и Кабинетот на претседателот на Владата повеќе ја подготвуваше легендарната посета на племето Хунзи на Република Македонија отколку посвети внимание на овој ребаланс на Буџет, што е недозволиво и е врв на ароганцијата и насилничкото однесување кое ВМРО ДПМНЕ го извлекува врз база на бројката од 63 пратеника.

Ако е ова принципот на работа на овој законодавен дом по клучни документи на Владата, тогаш тешко и се пишува на државата не само на овој законодавен дом.

Втората работа е што ова е прв случај, јас го слушав претседателот на Собранието кога даваше аналогија на други примери во други години, но ова е прв случај техничка влада да предлага ребаланс на Буџет и тука навистина не ми е јасно дали овој ребаланс на Буџет во овој момент ќе ја добие поддршката на идниот член на Владата, ДУИ, бидејќи по оваа логика овој ребаланс односно овој нов предложен буџет е предложен само од ВМРО ДПМНЕ и нивните коалициони партнери плус Имер Селмани, бидејќи ДПА не учествува, колку ни е познато, согласно нивните најави, во работата на Владата.

Значи, Влада која веќе дефакто не постои и е во форма на техничка Влада, од пред два дена имаме предложена нова Влада, предлага ребаланс и нов буџет кој очекува, претпоставувам, да се однесува до крајот на годината.

Јас навистина не мислам дека на пример, тоа е мое лично убедување и мислење дека идниот министер за економија Фатмир Бесими ќе се согласи со дел од овие ставки овде, познавајќи го како работи, во позитивна смисла сакам да кажам.

Тоа ми покажува или не става како пратеничка група во дилема дека носењето на овој ребаланс на Буџет е намерно избрзано претпоставувајќи дека дел од новите расходи кои се алиментираат, пред се, во оние ресори што ќе ги води ВМРО ДПМНЕ треба да се направи без согласност на новиот коалиционен партнер на идната Влада на Република Македонија. Тоа е политичкиот проблем, тоа е принципиелниот проблем, за формалнот проблем говореше колегата Макрадули и е навистина недозволиво Буџет на Република Македонија да се носи во рок од три дена од денот на поднесувањето, да се носи без расправа по комисии во Собранието. Јас навистина сакав да слушнам каква расправа, да речеме, ќе се води во Комисијата за земјоделие, или за образование и наука, или за финансирање и буџет, бидејќи клучната работа е да се води сериозна, а не академска, туку сериозна и практична расправа на комисиите, па после да дојдеме на една пленарна расправа каде ќе можеме да разговараме за Буџетот во целина.

Значи, носењето на овој буџет го следат сериозни политички, формални и ако сакате и етички пропусти и во таа смисла тој нема да ја добие поддршката на пратеничката група на СДСМ.

Се обидов внимателно да го слушам 40-минутното излагање на министерот и не можам да се согласам во пртистапот на објаснување на работите. Во економијата, како и во математиката и во сите квантитативни науки важи основното правило дека се споредуваат или се анализираат периоди, податоци, бројки врз база на една единствена методологија. Ако споредувате тромесечие во 2008 година, споредувате со тромесечје во 2007 година. Ако споредувате семестар во 2008 година, споредувате со семестар од 2007 година. Минситерот направи микс од сите работи, онака како што му одговара. На пример кога сака да говори за растот на економијата на бруто домашниот производ користи податоци за квартал, а сега сме веќе средина на седмиот месец. Значи, тој во моментот го знае податокот за растот на македонската економија и во вториот квартал, ама не го соопштува. Претпоставбувам затоа што не е добар.

Министерот за финансии користи податок за индустриско производство за пет месеци, а го споредува со квартал од 2007 година. Користи разноразни споредби кои од методолошки аспект не се коректни, бидејќи се споредуваат работи што не можат да се споредат или барем не на таков начин. Веројатно затоа што целта на овој ребаланс на Буџет е како да се објасни нешто што тешко се објаснува или како нешто што е лошо да се прикаже подобро или помалку лошо, а нешто што е добро има такви податоци да се направат екстремно позитивни. Или, се продолжува со трендот на третирање на македонскаста економија во зависност од желбата на политичкиот естаблишмент. Не е битен ни заводот за статистика во одредени ситуации Народната банка ќе се напаѓа, друг пат ќе се користи како опревдување, трет пат ќе се пофали согласно податоците на странските списанија се со еден пристап на крај да не се говори за сериозните работи во овој нов Буџет на Република Македонија и за состојбите во економијата, туку единствено да се протуркаат неколку работи кои дури ни министерот не ги спомна или бегло ги спомна, се извинувам, техничкиот министер или во најава.

Првата работа, не се согласувам дека претпоставката на министерот дека ќе имаме

континуирано висок раст на македонската економија е добра претпоставка, бидејќи врз база на таа претпоставка, ќе повторам неколку пати, претпоставка не факт, министерот темели дополнително зголемување на македонскиот буџет. Кога во декември 2007 година во дефакто сличен состав на Собранието разговаравме за Буџетот за 2008 година истакнавме дека Република Македонија добива рекордно висок буџет од своето осамостојување 2.150.000.000 евра. Во јули 2008 година не само што немаме намалување на овој буџет, имаме ново зголемување од 256 милиони евра или македонскиот буџет во превод на средината од фискалната година достигнува до невиденото ниво за наши размери од 2.350.000.000 евра. Република Македонија со скромен потенцијал, со скромен раст, со екстремно низок бруто домашен производ има буџет од 2.350.000.000 евра.

Значи, дека економијата ќе продолжи да расте со наводно високо темпо, не се согласувам, не слушнавме анализа од министерот. Тој вели 5,2 во првиот квартал не кажувајќи дали е тоа реална или номинална стапка, дали во неа е интегрирана инфлацијата. Ако не е интегрирана, тогаш би требало да биде 4,5%, не го кажува податокот за вториот квартал што го знае, мора да го знае, за периодот од април до јуни, споредува различни периоди, за да добие некаква политичка констатација, имаме ситуација кога ќе ги видите показателите за индустриското производство, за продуктивноста, за невработеноста или за вработеноста, Република Македонија апсолутно нема нагорен, а уште помалку екстремно позитивен или висок тренд на пораст на економијата.

Господине министре, ако се согласиме дури на макар 30 секунди со вас, ве молам дајте ни одговор ако Република Македонија со вашето доаѓање на вашата Влада и вас лично и останатите тн., економски експерти имаше екстремно висок економски раст, како е можно само еден процент наводно само еден процент пораснала вработеноста или само еден процент паднала невработеноста. Замислете, за 6-те месеци кога во последнот квартал заради сезонска природа господине министре вие тоа добро го знаете, се зголемува вработеноста за 1% е зголемена вработеноста затоа што има потреба од туристички работници во Охрид, во сечата на шумата или други конјуктурни гранки кои сега, заради природата на работата, а најмногу во делот на земјоделието се вработуваат.

Значи, господине министре не е точно дека невработеноста континуирано паѓа, тоа е лага и бројката го покажува тоа. Вие, од што немате за што да се фатите, велите 1%. Еден процент е флуктуирачка сезонска работна сила која во септември ќе ја снема. Вие тоа многу добро го знаете.

Втората работа за која вие говорите и ја истакнувате неколку пати во овој нов буџет во вашето експозе велите една работа за која мислам дека ни самите не верувате. Прашајте дома, можеби кај вас се задоволни, бидејќи имате високи примања, но прашајте го првиот комшија, само да не е премиерот, бидејќи живеете во иста зграда. Прашајте едно семејство дали чувствува подобрување на животниот стандард ве молам пренесете ни го одговорот во Собранието. Вие на десетина места велите животниот стандард е подобрен при тоа тоа го елаборирате со просечно зголемување на просечната плата во Република Македонија од 9,2%. Епа господине министре вам ви е сосема јасно како професор на Економскиот факултет, дека зголемувањето на просечната плата од 9,2% е апсолутно неутрализирано, уништено, избришано, како сакате објаснете со порастот на трошоците на животот односно инфлацијата која е повеќе од 9,2%, изнесува 9,5%. За какво зголемување на животниот стандард говориме кога ние дефакто имаме намалување на животниот стандард. Се е поскапено, платите и пензиите не го следат трендот на поскапување, продолжува континуираниот пораст на поскапување на производите и во следниот период. Ако сакате многу пластично, вие ги зголемивте платите и пензиите само на одредена сруктура во државата на државната и дел од јавната администрација. Но, тие не се сите вработени во оваа држава. Вие помогнавте 10% само на еден слој во државата притоа и на тој слој во државата инфлацијата тие 10% им ги испари во воздух, ама на сите останати кои работат во реалниот сектор животниот стандард им е дополнително опаднат, значи не зголемен, не на нула, туку минус 10, согласно порастот на трошоците на производите за живот.

Кога на сето тоа ќе додадеме некоку други работи за кои министерот потроши цели 30 секунди од 40 минути, а тоа е драстичното зголемување на трговскиот дефицит. Вредноста на трговскиот дефицит, вредносната категорија на трговскиот ни е зголемена и ја надмина бројката од 1 милијарда и кусур долари за прв пат во историјата на Република Македонија.

Господинот Славески ќе рече зголемен е извозот, но многу помлку отоколку се зголемува увозот. На крајот државата има одлив многу поголем отколку претходно на странски парични валути спрема надвор и тоа негативно се одразува, меѓу другото, на нивото на девизните резерви, за кои господине министре треба да бидете коректен пред македонската јавност и пред нас пратениците и кога ќе речете дека таа е на стабилно ниво од 1.055.000.000 евра да кажете дека девизните резерви се намалени во однос на минатијот период.

Друго прашање е дали тоа ниво е стабилно, но дека тие се намалени и тоа намалување е сериозно е факт, намалувањето господине

министре оди затоа што се одлива сериозна сума на девизните резерви заради дефицитот, но и заради одржување на девизниот курс на денарот спрема еврото. Страшен притисок има на денарот, тоа во овој момент го одржува само Народната банка, но тоа чини пари. Тоа чини пари за кои може да се намалат и да се спречи доколку и Владата преземе други мерки но, за жал, таа во овој период не го прави.

Кога велите дека извозот ни е драстично зголемен, тој е зголемен единствено само затоа што продолжува да расте цената на металите на светските берзи. Ниту се зголемила продуктивноста во Македонија, ниту е драстично зголемено производството, напротив, ниту пак ќе имаме нови производствени капацитети. Единствено истата количина сега чини повеќе на светските берзи и заради тоа Македонија кога ќе се има во предвид извозот на метали пред се и дел на храна со зголемена цена можеме да кажеме дека извозот во пари е зголемен, но пак ќе речам тој е драстично помалку во однос на тоа колку е зголемен увозот спрема внатре и на крајот салдото резултира со драстично голем дефицит за прв пат толкав во македонската историја за кој Владата не сака ни да разговара.

Да резимирам до сега, Владата на Република Македонија одбива да дискутира сериозно за две работи, за повеќе, но во економијата за најмалку две. Прва е инфлацијата и како ѓавол бега од неа и втората е за дефицитот кој ќе продолжи во следниот период ако се има во предвид зголемувањето на цените на енергенсите на светските берзи.

Да резимирам во овој дел, претпоставките кои ги кажувате не одговараат на реалноста. Република Македонија не може да издржи волкав буџет, Македонија нема потреба од волкав буџет со 2.350.000.000 евра. Резултатот на волкав буџет не е резултат на зголемена економска активност, не е резултат на нови вработувања, бидејќи нив ги нема. Не е резултат на нови инвестиции, бидејќи нив ги нема. Не е резултат на зголемен трансфер на парични средства од надвор спрема внатре, бидејќи тие се намалени, вклучително и дознаките од нашата дијаспора која го доживува најниското ниво компарирано со последните 3-4 години, а вие, имајќи го во предвид сето ова и знаејќи го, ни давате поголем буџет од 2.350.000.000 евра и доаѓате до вашиот круцијален доказ во кој велите тоа го правиме затоа што имаме зголемени даночни приходи, што е точно.

Ајде да дојдеме до прашањето на зголемените даночни приходи, да видием како тие се остварени. Дали се резултат од нова економска активност? Не. Дали се резултат од новите вработувања? Не. Дали се резултат од новите гринфилт инвестиции? Не, бидејки нив ги нема. Дали се резултат од зголемено производство и продуктивност? Не, бидејки во Македонија продуктивноста паѓа, бројот на вработените во индустријата пааѓа.

Се поставува прашањето од каде тие пари и доаѓаме до одговорот. Одговорот е дека 250 и нешто милиони евра по основ на даноци се добиени врз база на зголемено заграбување или прибирање или арач, ако сакате, народски кажано, од постоечките граѓани и фирми, не од нови.

Вие велите зголемен е персоналниот данок. Да, затоа што претходно ја зголемивте даночната основица. Се зголемија платите и пензиите за 10%, влијаеше тоа и на зголемен персонален данок,просто и едноставно. Велите зголемени се зафаќањата на данокот на добивка. Да, затоа што фирмите ги уплаќаат аконтациите сега врз база на фактурната вредност, ама вие не кажувате дека 90% од тие фирми истите побарувања не ги наплатиле. Во Македонија има сериозен тренд кој може многу негативно да се одрази на среден рок, а тоа е трендот на неликвидност. Фирмите огромни пари си должат помеѓу себе. Затоа објавувате огласи во весниците, велејки, ајде да види Владата колку Владата им должи на фирмите. Не дека ќе им ги врати туку да се нотирало и да се направено одреден биланс. Не велам дека тоа е лошо. Тоа е добро, ама вие не давате решение на проблемот, туку само го констатирате. Згора на тоа на фирмтие им велите, на фактурираната вредност, без разлика дали сте ја добиле или не вредноста, дали сте ги наплатиле побарувањата, дајте ни ДДВ, дајте ни данок на добивка, платете персонален данок за вработените, бидете дисциплинирани, дајте ни ги сите пари што ги имате во вашите каси, државата ќе биде богата, ама од друга страна фирмтие ќе бидат многу сиромашни и ќе бидат неликвидни. Што прават? Од немај каде тие се задолжуваат едни спрема други, не си ги наплаќаат своите побарувања.

Во новата коалициона структура на оваа пратеничка група пак не гледам многу експерти во делот на практичните или теоретските познавања, но има такви луѓе кои добро ја знаат економијата, како господинот Иванов, еве гледам тука господинот Стојменов, претпоставувам може да даде и практично видување на функционирањето, ако грешам да ме искритикуваат, ако говорам вистинито и верно, да се согласат за да можеме заеднички да бараме решенија, бидејки нема среќа во економијата ако на фирмтие им ги земете парите однапред и им речете сега снаоѓајте се како знаете, државата мора да си го добие својот дел од колачот. Затоа се зголемени зафаќањата од данокот на добивка, но вас тоа не ве интересира како се одразува на практичното работење. Ужасно тешко. Имаме ситуација на полн Буџет, сиромашни фирми и претпријатија кои дополнително се задолжуваат кај комерцијалните банки или не си ги плаќаат своите долгови спрема другите фирми само за да можат да преживеат и да можат да функционираат.

Значи зголемувањето од 256 милиони евра не е реално врз база на нов доход донесен во економијата, туку е врз база на постоечките пари, постоечките ресурси, само зголемено зафаќање спрема државата. Најмногу од тоа зголемување опаѓа на ДДВ. Упорно две години говориме дека Република Македонија мора да најде одговор на сериозниот ценовен шок и на драстичното континуирано зголемување на цената на нафтата.

Упорно СДСМ предлага закон со кој за одреден временски рок предлагаме да се намали ДДВ за нафтата и нафтените деривати од 18 на 5%, на одреден период и сега гледаме дека нашето барање е сосема исправно и коректно. 35 милиони евра или 2 милијарди денари се дополнителните зголемувања по основ на ДДВ, во Буџетот на Република Македонија, или во превод, македонските фирми и граѓни платиле повеќе од потребното и планираното 35 милиони евра на државата по основ на ДДВ, за акцизи плус уште 3 милиони. Тие пари, ние велевме ајде вратете ги назад. Минимумот да си остане, а вишокот, еве овие 38 милиони евра кој најмногу доаѓаат од нафатата и нафтените деривати, но и од производите, да ги вратиме назад. За жал тоа не се случува и во овој Буџет имаме обратна ситуација. Продолжува трендот сиромашните граѓани и слабата економија да ја спонзорираат државата, а не обратно, државата преку Буџетот да ги спонзорира осиромашените граѓани и слабата економија. Ние имаме обратен тренд и тој го има изгледа само во Македонија, сите граѓани преку своите скромни примања да плаќаат повеќе данок на државата, тоа се случува и со фирмите, а притоа државата да не им врати ништо. Или, легендарните, или како велеа многу крумните мерки, 8, наводно за помагање на ценовниот шок, сега слушнав, министерот ја спомна бројката, ќе имаат ефект од 300 милиони денари, корегирајте ме ако грешам, ве слушав добро, или во превод 5 милиони евра. Значи целокупниот ефект на 8-те мерки, сакате патарини, сакате овие за хибридни возила што се на се во Република Македонија ги има сите 7 и сите се веројатно тест или се веројатно на странци, сакате мерењето или баждарењето на камионите, регистрацијата која прво беше 30%, сега не е 30, сега е 5%, 6% или 10%, колку ќе биде, сите соберете ги, ќе им помогнат на граѓаните 5 милиони евра, така рече министерот, во исто време скапата нафта и нафтени деривати им земале 35 милиони евра. Кое е салдото господине министре? Со 30 милиони евра граѓаните ја полнат касата на Владата која вие ја трошите. 30 милиони евра, 35 минус 5, или ако ги додадам акцизите, 38 минус 5, повеќе 33 милиони евра, гратис, без никаква работа се веќе во фотеља, во кабинет, или во климатизирано возило, вие и вашите коелги во Владата сте добиле какопоклон и сега тие пари не сакате да ги вратите назад. За тоа говориме. Затоа не можеме да се согласиeм со овој концепт.

Вие потрошивте на реклами и на прес конференции и време, не знам колку, две недели зборувавте, вакви мерки, една мерка, втора мерка, осум, пакет, Ставрески колумни пишува, вие прес конференции, не знам, се сликате со едни со втори со трети. Се на се целокупниот ефект ќе биде 5 милиони евра, а ќе земете 35 милиони евра и после некој ќе рече ова била народна власт. Скраја да е.

Затоа, овој ребаланс на Буџет не може да биде сериозен концепт за идниот Буџет на Република Македонија. Слушнавме и други работи.

Министерот спомна дека оваа Влада очекува дополнителни средства и по основ на дополнителна приватизација. Што господине министре, во оваа држава уште ќе се приватизира? Телекомот приватизиран, ако не продавате од резидуалот, од акциите. Кажете го ако е тоа. Се споменува дека во план е подготовка за продажба и приватизација на скопскиот Водовод. Тоа ли е следното претпријатие? Врз база на која приватизација, ако е на претпријатие, на капацитети? Ако е на земја, кажете, но да знаеме од прилика како ги очекувате вие зголемените приходи врз основа на приватизација, од што, бидејќи јас сум скептик дека остана нешто сериозно и вредно до тој степен, да вие планирате дополнителни многу средства во Буџетот, исто како што знаете дека до овој момент, а претпоставувам дека и во следните месец-два нема да ја добиете дивидендата од Телеком, ја калкулирате, бидејќи така велите, очекувана дивиденда од Телекомот. Тоа дополнително го обременува или го влошува овој предложен Буџет, бидејќи зголемување за 250 милиони евра, а врз база на слаба проценка или на кршливи нозе, како сакате кажете го овој Буџет.

Гледам дека сте се потрудиле и во овој Предлог на буџет прв пат имаме споредба, веројатно на тоа сте приморани заради расправата во медиумите и на порст на цените на живот и инфлацијата во соседните држави и добро е тоа да ги видиме. Но, кога веќе споредувате споредувајте до крај. Кога ќе кажете дека во Бугарија е зголемена цената на храната 20%, а инфлацијата изнесува 10%, кажете дека во Бугарија просечната плата е поголема од онаа во Република Македонија и дека во 2007 година, ако Македонија имаше 230 милиони странски инвестиции, во Бугарија имаше околу 2,5 милијарди, што е различно. Или, ако споредувате да речеме со Србија, да кажеме дека во Србија иако е зголемена цената на сите производи, како и кај нас, зголемени се и платите и пензиите многу повеќе од кај нас. Или, ако сакате да споредуваме со една Словенија каде просечната плата изнесува 5,5 пати повеќе од нашата. Тоа не е исто. Цената н алебот и на млекото во Словенија е речиси иста со цената на мекото и лебот во Македонија, но нивната просечна плата не е е 15 илјади, тукуе речиси 60 илјади денари.

Многу е различно. Затоа, дајте објективно да ги гледаме и да зборуваме за работите за објективно и да се бараат решенијата. Инаку вака само ќе имаме сублимат на работи кои не се споредуваат и кои нема да не доведат до конкретните решенија.

Не можам да се согласам, кога одговара Владата да ја фаворизира и да ја подржува Народната банка, а тогаш кога сака да се сокрие зад некои нејзини решенија, ја напаѓа.

Како е можно во една држава која се соочува со инфлација, а тоа е нашата двоцифрена, НБМ да презема рестриктивни мерки и да ги ограничува банките во кредитирањето, да ги зголемува каматните стапки индиректно, иако тоа не го следат сите банки, а во исто време најголемиот трошаџија, најголемиот инвеститор, најголемиот сопственик на пари во државата, а тоа е Владата, да ги зголемува своите трошења. Објаснете ми ја господине министре таквата логика, една институција во државата стега, а таа институција што најмногу влијае на инфлацијата е раскошна и троши пари. Треба да се согласите со тезата колку тоа да не ви се допаѓа, или колку сте можеби арогантни, суетни и т.н., дека Владата сериозно придонесува за зголемување на инфлацијата, сриозно влијае.

Сега велите ќе се отвараат нови факултети. Ќе пуштите пари за плати, ќе пуштите пари за реновирање на тие институции, ќе влиаjете на инфлацијата.

Велите ќе субвенционираме едни, втори, трети работи. Вие на тој начин ќе влиаjете на инфлацијата. Како може да не влијаете. Дополнително ќе ја зголемите. Апсолутно, зголемување од 256 милиони евра кои не одат во капитални инвестиции, не идат реално, одат во потрошувачка, влијаат на зголемувањето на инфлацијата. Народна банка од една страна во еден месец ќе потроши 20 милиони евра за да го заштити курсот на денарот, ќе изгори дел, како во огин фрла дрва во ќумбе милиони евра за да го држи курсот на денарот, а вие од друга страна истиот месец ќе и пуштите во промет 50 милиони евра, преку плати, договори и трансакции и овие потрошени 20-30 милиони евра, не барем се 20 и 30 семки, ќе бидат за џабе, па пак следниот месец, па пак следниот месец. Затоа е паднато нивото на девизните резерви од 1 милијарда и 200 или 300 милиони,колку што беа, на 1 милијарда и 55 милиони и то ане го констатирате, велите стабилно. Се согласувам, ама е намалено и сериозно е намалено во однос на претходниот период.

Дека Владата дирекно влијае на инфлацијата има многу лоша структура на Буџетот, дозволете да полемизирам и да ја информирам јавноста дека Република Македонија веројатно е единствена држава во регионот, ако не и во Европа, во Европа сигурен сум, каде што иста сума на пари се одвојуваат за плати и надоместоци и иста сума на пари, а сега со овој ребаланс на Буџе ти зголемена, се одвојуваат за догооврни услуги. Значи, во моментот, од утре навака, во државата ќе се плаќаат исто толку вработени за плати и надоместоци, колку што ќе се плаќаат исто толку лица со договорни сулуги. Или да ги користам вашите бројки дадени во овој ребаланс на Буџетот, 360 милиони евра се одвојуваат за плати и надоместоци, но исто толку 360 милиони евра, дури малку повеќе од плати, 22.542.736.000 денари се одвојуваат за договорни услуги. Каде одат овие пари и од каде се овие пари? Дали се ова парите што треба континуирано да се исплаќаат на луѓето вработени воизборната кампања, пред неа, а верувам и после неа? Дали се ова парите што им се даваат на луѓето за кои имаме информации дека се вработени во текот на изборната кампања, не одат на работа, седат дома, а примаат плата? Дали се ова парите кои се плаќаат за класичната политичка корупција на разно разни структури во Република Македонија? Како е можно иста сума да се одвојува за плати, наемнини и надоместоци, со сумата за договрни услуги? Тоа е страна 4 од билансот на расходи на Буџетот на Република Македонија. Тоа се случува за прв пат во историјата на Република Македонија. Се одвојува поголема сума за договорни услуги отколку што се одвојува сума за плати и надоместоци, замислете, не само плати. Тоа е неиздржливо, не на долг и среден рок, на краток рок, бидејки се исцрпи и македонската економија и граѓаните, за да на крај се плаќаат договорни услуги за луѓе кои не одат на работа, за кои не знаеме што работат, колку одработуваат и кој ги вработува, на крајот на краиштата.

Ако од прилика има државна јавна администрација од 110 иљади, можеби точно неја кажувам бројката, можеби плус минус има уште нешто, по оваа математика излегува дека има уште 100 или 100 и нешто илајди вработени по основ на договорни услуги, освен ако не се плаќаат некои по договорни услуги по 60, 80 или 100 иљади денари, па заработуваат како четворица македонски граѓани со една македонска просечна плата. Но, оваа сума е страшна. 360 милиони евра се плаќаат за договорни услуги.

Трендот на зголемување, за да не испадне дека сега сте ги вовеле, бидејки ова ќе биде новостара влада, со исклучок на албанскиот коалиционен партнер, другите сите сте исти, освен што е надграден и проширен во еден ресор оваа Влада и тоа сериозно, не знам како ќе се издржи во Европската унија, надградена и проширена со Ивица Боцевски, сериозно надградување и проширување. Јас однапред му честитам. Дел од дискусијата тука ќе прекинам за да не говорам за изборот на Влада.

**Трајко Вељаноски:** Тоа ќе го кажете на 26 јули.

**Игор Ивановски:** Многу сме возбудени, бидејки е толку надградена и проширена Владата со Ивица Боцевски и со уште некои министри да не знаеме

каде ќе се движи Македонија. Сериозно го кажувам, не иронизирам.

**Трајко Вељаноски:** Продолжете да зборувате по Буџетот.

**Игор Ивановски:** Веројатно дел од тие средства во Секторот за евроинтеграции или на други места ќе отидат и од овој нов Буџет.

50 милиони евра, господиен претседател на Собранието, 50 милиони евра се зголемени трошоците за договорни услуги. Не знам дали Собранието има дел од тие пари. Најверовaтно ниту еден денар. Но, 50 милиони евра да се зголемат трошоците за договорни сулуги на половина од годината, значи или некој драстично вработил пред, за време на кампањата и после неа, или некој не ја направил добро анализата.

Бидејќи 360 милиони евра за договорни услуги е страшна сума. И таа сума замислете, не завршува за оние приоритети за што говореше министерот. Јас се согласувам, раст на економијата, привлекување на странски инвестиции, интеграција во Европската унија и НАТО, подобрување на земјоделието, не одат таму тие пари. Да одат таму ќе се согласам, ќе речеме: браво, ајде да ги зголемиме, ама очигледно не одат таму. Затоа имаме многу сериозен проблем и со зголемувањето на Буџетот, но и со самата структура. Наместо таа да се подобрува, таа се влошува, наместо повеќе пари да одат за капитални инвестиции, повеќе пари одат за плати и договори за дело преку овие агенции што се вработуваат и за тоа никој нема контрола. Зошто го велам ова? Затоа што, ако се даваат 360 милиони евра за плати и надоместоци, придонеси, истата сума се дава за договорни услуги, не знаеме на кого и колку. Замислете, истата сума од 360 милиони евра се дава и за капитални инвестиции. Е па нема развој, нема раст на економијата, нема нови капацитети, нема подобра инфраструктура, нема подобар транспорт, нема подобри аеродроми, патишта и разно разна друга инфраструктура. Ако истата сума што се дава за договори и трансвери и услуги, се дава и за капитални инвестиции. 360 милиони евра е истата сума колку за капитални инвестиции е предвидено, толку е предвидено и за договорни услуги. Затоа оваа држава не оди напред. И да биде парадоксот поголем, или проблемот поголем, од овие 360 милиони евра за капитални инвестиции потрошени се претпоставувам заклучно до денеска додека разговараме, до денешниот ден само стотина, 30%, или стотина милиони евра. Јас знам зошто сте ја ставиле бројката, нивото сте го ставиле, не е ни толку, се извинувам, 75 милиони евра се потрошени за капитални инвестиции, затоа што имате обврска по Законот за извршување на Буџет најмалку да имате реализација од 30% на капиталните инвестии. Само заради тоа. Можеби некои се само како биланс, може реално и не се потрошени, ама и тоа да го земеме како таков факт. Срамота е, недозволиво е, многу е лошо, затоа нема реален раст на економијата кога нивото на капитални инвестиции е еднакво со нивото на плати и договорни услуги. Притоа, платите и договорните услуги се реализираат небаре е тајфун со сто на час, а капиталните инвестиции што треба да донесат нов доход и раст на економијата се реализираат со 30%, или секое трето евро одвоено за капитални инвестиции е потрошено. Останатите седум стојат и останатите седум евра претпоставувам на крајот на годината ќе не натерате да ги префрлиме за разно разни плати итн. Или за да го демантирам делот и тука ќе завршам, дел од образложението на министерот и да ја информирам македонската јавност дека оваа Влада често пати знае да го користи методот на лажење, или поблаго речено неговорењето на вистината е и фактот што ставката за купување на мебел, опрема, возила и машини е зголемена од 65 милиони евра на 110, 112 милиони евра, или има зголемување на ставката за купување на мебел, опрема, возила и машини од скоро 4 милијарди на 7 милијарди и 300 и кусур денари. А во експозето господине министре, велите дека Владата води рестриктивна политика и има минимум, или нула трошоци за мебел и возила. Па кој кого овде лаже? Каде ќе одат овие пари, ако не за купување на мебел, опрема и возила? Сте прашале ли, дали парите што граѓаните ви ги даваат преку даноци и поскапи производи и поскапа нафта и поскап бензин и поскапи станови и поскапа храна и пијалоци и турустички аранжмани и поскап превоз, ви дале овластување да им ги трошите за мебел и за опрема? Вие ќе ми одговорите, да, имаме 63 пратеника. Се согласувам, по ова изгледа дека вие ќе ја злоупотребите довербата на граѓаните и нивните пари ќе ги трошите за она што не сте им го кажале. Вие ја имате формалната и политичката дозвола за тоа, бидејќи имате мандат. Но, очигледно таквите работи не ги соопштувате. Со други зборови, овој Буџет во ваква форма не може да ја добие подршката на СДСМ, формата на неговото носење е срамна и е многу опасна ако стане преседан, неговата содржина е контрапродуктивна, ќе влијае на зголемувањето на инфлацијата. Драстични суми на средства се прибираат и се приграбуваат од граѓаните по основ на поскапа нафта, поскапи производи, а им се трошат за мебел, за опрема, за возила, договорни услуги. Македонија е единствената држава во развиената демократија каде што иста сума на пари се троши за капитални инвестиции, за плати и за договорни услуги. Со еден збор нема прогрес, нема повисока стапка на раст, нема пониска стапка на инфлација, нема да има инвестиции. Со ваков Буџет на Република Македонија ќе имаме сериозни проблеми и за нив ќе разговараме при изборот на новата Влада на Република Македонија. Но, СДСМ кој што во изминативе 20-тина дена во континуитет дава подршка на брзиот воз кој што на крај ќе заврши со удар. При носењето на законите дел од нив се

обидува конструктивно да ги подобри и за нив добива арогантно одбивање. Тој тренд не сака, или таквиот пристап нема да го дозволиме да биде случај и при носењето на ваков Буџет. Не сакаме да го амнестираме насилничкото однесување преку математичката надмоќ во ова Собрание при носење на клучни и стратешки документи, не сакаме да го амнестираме и да бидеме дел од недозволеното трошење на парите на граѓаните. Знаеме дека априори на наши евентуални амандмани владеачкото мнозинство ќе одбие со едно цврсто, не, и на тој начин со носењето на овој Буџет ќе имаме серија на штетни последици во уставноста, во политичкиот дел, во економскиот дел, а најмногу, или пред се и најмногу од се во животот на граѓаните и во развојот на економијата и бизнисот во државата.

Со оглед на тоа што нашите барања да има сериозна постапка, со оглед на тоа што овој Буџет не може да ја добие подршката и е антиграѓански и антибизнис ориентиран Буџет, СДСМ нема да учествува во расправата при носењето на Буџетот на Република Македонија. По оваа точка ќе ја напуштиме седницата и се надеваме дека ваквиот чин малку ќе ве отрезни, ќе ги отрезни и Владата и припадниците на владеачкото мнозинство при однесувањето кое што дефинитивно веќе ги надминува сите очекувани, предвидени, како сакате, рамки на дозволеното, на уставното и на политички одржливото.

Затоа, пратеничката група на СДСМ нема да учествува во понатамошната расправа на овој Буџет и нема да биде дел од ваквиот начин на работа кога се носи многу значаен документ, ние ќе ја напуштиме седницата во овој момент по оваа точка, бидејќи не сакаме да бидеме дел од ваквиот начин на функционирање кое што го оквалификувавме како еден вид на политичко насилство кое што се спроведува од владеачкото мнозинство. Се надеваме дека ова ќе биде за последен пат, господине претседател, на вас се обраќам, барем во овој месец. Очекуваме за жал, дека вака ќе продолжите и во следниот период. Но во рамките на демократските механизми ние ќе го користиме нашето право да го изразиме нашиот револт и да се спротивставиме на донесување. Затоа и ќе ја напуштиме седницата во овој момент. Благодарам.

(Пратеничката група на СДСМ ја напушти седницата)

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Жалам за вашата одлука што ја донесовте да ја напуштите седницата, бидејќи се однесува за битен закон за Предлог за изменување и дополнувања по итна постапка на Буџетот на Република Македонија за 2008 година. Но, тоа е ваше легитимно право.

За реплика се јави министерот за финансии, господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Има стенографски белешки од излагањето на министерот, затоа што она што во својата дискусија го изрече господинот Ивановски се темели, односно е на работ на непрофесионалност, манипулација со цифрите и дезинформација на јавноста. Она што десет пати тоа за вас тука присутните и за јавноста го повтори господинот Ивановски наводно за таканаречените договорни услуги. Само да спомнам дека тој не знае да го чита Буџетот. Буџетот на Република Македонија се состои од општ Буџет кој ги вклучува и фондовите, а се состои и од Буџет од централната Влада. Цифрата од 22 милијарди денари за договорни услуги се однесува на општиот буџет што ги вклучува и фондовите. Од тие 22 милијарди денари, 16 милијарди денари се од Фондот за здравствено осигурување. Тие фигурираат како договорни услуги, затоа што Фондот за здравствено осигурување го финансира здравствениот систем во Република Македонија и јавните здравствени установи во форма на договорни услуги. Само 5,4 милијарди денари се договорни услуги на сите други буџетски корисници кои што МНР плаќаат кирии за нашите дипломатски претставништва во странство, други буџетски корисници вклучително Министерството за финансии плаќаме кирии за користење на простории итн, вклучително и привремени вработувања. Значи, една груба манипулација од господинот Ивановски.

Второ, тој бара да се даде податок за бруто домашен производ во вториот квартал. Треба да знае дека статистиката го објавува после 90 дена од завршување на кварталот. Од 30 јуни до сега има 14 дена. Значи, не очекувајте госпдине Ивановски, податок пред 1 септември. Заводот за статистика се обидува да воспостави методологија која што ќе го сведе тој период од 90 дена на 75 дена.

Понатаму, зошто требаше да го прочита, или внимателно да слуша, или да бара стенографски белешки. Девизните резерви ги сведе на милијарда и 55 милиони денари. Кога јас кажав дека тие се милијарда и 505 милиони денари, значи, самиот кажа, ако забележавте наводно од милијарда и двеста се намалени на 1,055 милијарди. Тие изнесуваат милијарда и 505 милиони денари, значи се зголемуваат.

Во изминатите 6 месеци Народна банка на Република Македонија немаше никаков одлив на девизи на девизниот пазар, односно во одредени месеци во кои што е интервенирано од девизните резерви, тоа е надоместено со она што се случува во последните 60 дена. Во мај и јуни Народна банка има откупено вишок од 26 милиони евра на девизниот пазар. Понатаму, наредна манипулција, наводно мерките на Владата за ублажување на ценовниот шок од нафтата, повторно селективен пристап. Спомнува бројка од 350 милиони денари, а во истата реченица кажав дека 400 милиони денари се за превозниците со сите намалувања на патарините, на регистрациите итн. Значи, за само две од осумте

мерки 350 плус 400 се 750 милиони денари. Тој манипулираше со сума од 5 милиони евра, па ја споредува со вкупниот ДДВ. Мислам нешто невидено, таква груба манипулација со цифрите. Тоа е само дел од она што би сакал да одговорам. Овде навистина може доста да се зборува, да се одговара. Една тотална , целосна непрофесионалност на човек кој што професионално се занимава со математика и статистика. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Збор има Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе, почитуван господине министре, почитувани пратеници,

Сите многу добро знаеме дека Буџетот е најзначајниот инструмент на политиката. Сметам дека неговото донесување и расправата по него не ја заслужува судбината на претходните седум закони кои што во просек ги носевме за 47 секунди по еден закон. Мислам дека таква ефикасност на никого во оваа држава не му одговара, а најмалку на парламентарното мнозинство каде што се надевам дека барем неколку часа ќе потрошиме за расправа по овој клучен политички и економски документ.

Основното прашање кое што беше допрено и од страна на министерот во облика на едно нејасно оправдување е следното. Овој Буџет има задача онолку колку што е во можност на Владата да даде одговор на два крупни проблеми кои што и министерот ги детектира, инфлацијата и огромниот дефицит. На овие два крупни предизвици овој Буџет не дава одговор. Напротив, ги влошува состојбите. Политиката на Владата и покрај големата инфлација да се инсистира на зголемување на јавната потрошувачка е погубна политика. За таа политика мошне експлицитно во својата последна изјава министре се изјасни и Грифиц од Меѓународниот монетарен фонд. Јасно и порача на Владата дека натамошното инсистирање на зголемување на јавната потрошувачка ќе води и води кон зголемување на инфлацијата. Тогаш, воопшто кој е интересот на Владата и на македонската економија свесно Владата со овој Буџет да оди на продлабочување и на зголемување на инфлацијата? Одговорот навистина е тешко да се најде. Меѓутоа, од она што стои на располагање како изјави, како политики, како залагања јас можам да го заклучам следното, дека Владата е спремна да издржи и да предизвика и поголема инфлација од 10% само за да го задржи проектираниот раст од 6% кој што повторно нема да се случи. Значи, оваа Влада постапува крајно неодговорно, спремна е да толерира инфлација, дури и да ја продуцира со своите мерки, само за да го оствари проектираниот раст.

Господине министре, во вашето прво експозе пред две години и во експозето на премиерот Груевски во 2006 година беше кажано дека стапката на раст ќе биде минимум 6%, а до 8%. Еве веќе втора година тоа не се случува. Сега за жал, превземате една многу ризична политика, една погубна политика користејќи ја инфлацијата да дојдете до потребниот раст. Овој Буџет генерира инфлација и тука нема апсолутно место за дебата. Буџетот, внимавајте, овој Буџет треба сите пратеници и сите граѓани многу добро да го знаат, 45% троши од бруто домашниот производ. Посочете ми друга држава во Европската унија, господине Славески, каде што Буџетот на Владата е 45% од бруто домашниот производ. Уште попластично за граѓаните да појаснам. Од 1000 евра што ги создава македонската економија 450 евра Владата ги троши. Каде е тука логиката? Особено за една влада која што се залага за принципи кои што сега не би ги повторувал, затоа што е губење време, бидејќи се само декларативни. Меѓутоа, да не говориме апстрактно. Веднаш би преминал на анализа и на приходната и на расходната страна. Приходната страна навистина покажува страшни движења. За 260 милиони евра е зголемено даночното оптоварувње, за 260 милиони е посилна приходната страна.

Кога го носевме овој Буџет во декември, господине Славески, дискутиравме на оваа тема и ве предупредив дека само за две години Буџетот е зголемен за цели 560 милиони евра. Сега тоа малку ви беше, па додавате плус 260 милиони евра. Значи, за споредба само пред две години Буџетот е зголемен за цели 820 милиони евра. Значи, од милијарда и 650 милиони евра, сега е 2, 5 милијарди евра. Секој граѓанин на оваа држава го прашувам, дали и каде го почуствува тоа енормно зголемување на владиното трошење. Значи, Буџетот на Владата во 2005 приходната страна беше 100 милијарди, сега е 140 милијарди и нешто. Значи, ако Владата да пред две години земала сто денари од стопанството, сега зема 130. Никаква развојна логика. Се зголемува директното влијание на државата врз економијата, значи се зголемува државниот интервенционизам што оваа бројка на Буџетот во бруто домашниот производ апсолутно говори сама по себе, нема потреба од никаква интерпретација и како резултат имаме што? Богата и расипничка Влада, исцедено стопанство и осиромашени граѓани. Тоа е ефектот од овој Буџет.

Кога говоревме за Буџетот во декември јас тогаш прв предупредив од оваа говорница дека по својата структура ова не е развоен Буџет, туку изборен Буџет. Настаните го потврдија тоа дека Владата планирала избори уште пред една година и затоа проектирала ваков Буџет. Сега, овој буџет, овој ребаланс што го нудите е повторно изборен, со тоа што има две димензии. Една за да се оддолжи за голоемите изборни ветувања и класичната политичка корупција што настан во текот на овие избори, а другата во подготовка на проектот предвремени локални избори. Значи, повторно имаме изборен буџет. И,

воопшто на Владата не и е гајле за македонската економија, за проблемите на стопанството, туку гледа  како во овој налет што таа чуствува дека го има на подршка што побрзо го капитализира низ привремени локални избори. Се разбира, со новиот коалиционен партнер ДУИ, потребното мнозинство за промена на двотретинските закони го имате, така што буквално ниту една пречка не ви стои на патот.

Како што кажав овие зголемени приходи со кои министерто милува да се фали, се токму доказ на она што ЛДП две години во континуитет го тврди, зголемено е даночното оптоварување. Џабе ви се прекрасните реклами на намалување на даноците кога бројките го говорат тоа. И по самата анализа што ја приложивте господине министре, јасно е, бидејќи нема  зголемување на вработеноста која што би го оправдало до таа мера зголемувањето на приходите од персоналниот данок и придонесите, јасно е дека станува збор за класично зголемување. Јас тука во овој парламент пред повеќе од една година покажав практично на примери на многу мала семејна фирма и на пример на компанија од среден карактер со 100 вработени како е зголемено директното даночно оптоварување. Значи, стапките на персоналецот што ги намаливте, воопшто не придонесоа особено во трудоинтензивните гранки за намалување на давачките. Напротив, со проширувањето на основицата и со константното зголемување на пензискиот продонес, бидејќи тој е врзан со 65 % од просечната плата, а со континуираниот раст на просечната плата, вие континуирано ги зголемувавте оптоварувањата по основ на придонесите. Понатаму,  тоа беше еден многу несреќен закон со кој што го зголемивте оптоварувањето по однос на здравственот осигурување, меѓутоа среќа има тука во вашата пратаеничка група неколку стопанственици што имаат поголем број врабоетни, па им  текна на време, господинот Ѕинго ме гледа со внимание, тој беше еден од тие што направи мала паника во вашите редови за да не продолжите со таа непродуктивна политика. Меѓутоа 260 милиони евра непланиран приход е доказ дека даночното оптоварување е зголемено. Јас се паршувам, како и порано што се прашував, каква е оваа десничарска Влада. Вие сте популистичка Влада од лев тип. Јас ги сфаќам моите колеги од СДСМ се мачат, ја гледам критиката што ви ја испраќаат, таа критика е од класични либерални позиции. Тие имаат проблем да ве критикуваат , затоа што со вашата популистичка политика им влеговте во нивниот двор, така што апсолутно единствената одлика на оваа Влада е популизмот, не зависно дали од десен или од лев карактер одлично фунционира. Драго ми што после долго време и на претседателот на државата му текна што се случува, па имаше вчера некое излагање на таа тема, меѓутоа ЛДП од тука континуирано го повикуваше како претседател да не ги потпишува законите кои што значат директна популистичка интервенција. Го повикавме за неколку закони меѓутоа добро е што полека со тек на времето работите си доаѓаа на место и се поголем број на политички чинители ја препознава оваа политика на Владата.

Би предложил сега да прејдеме на расходната страна господине министре. Ресходната страна сам по себе доволно говори. Да видиме кои се губитниците и добитниците од овој ребаланс на буџетот. Владата на Република Македонија со овој буџет си додели плус 350 милиони, не е јасно каде ќе се трошат, не може да се види од буџетот за жал, се надевам дека ќе објасните , Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, ова е интересно колегите од ДУИ да објаснат дали е ова е дел од договорот, средствата на Секретаријатот за сподведување на Рамковен договор се намалени за цели 40%. Од 240 милиони на 152 милиони. Ова е дел од вашиот нов договор тогаш треба да го објасните , а ако не е дел тогаш мислам дека уште во првиот ден ќе имате на функционирањето на Владата сериозни проблеми.

Од НАТО очигледно нема ништо и тоа овој буџет најдобро го говори. Министерство за одбрана е рабалансирано за цели10% надолу. 700 милиони денари му се одземаат на Министерство за одбрана. Се прашувам дали знае вашиот нов кандидат за министер за одбрана дека ќе треба почне да работи со 10% осакатен буџет. Да ве потсетам дека на крајот на минатата година на Министерство за одбран му одзедовте огромни средства и ги префрливте во Министерство за внатрешни работи. 10 милони евра му одзедовте тогаш на Министерство за одбрана. Дека сте се откажале од НАТО ќе аргуметирам низ повеќе други ставки од каде јасно се гледа дека сите средства што биле планирани за НАТО коплетно сте ги исклучиле.

Кој е најголемиот добитник од овој буџет? Замислете кој друг  ако не Министерство за внатрешни работи и ова е најголемиот скандал на овој буџет кој што вие господине министре се обидувате да го криете. Во сите образложенија на буџетот кажувате дека зголемувањето на буџџетот ќе оди за училишта за унуверзитети, за земјоделци. Не е точно почитувани пратеници, буџетот на Министерство за внатрешни работи од фантастичните 8 милијарди денари, се зголемува на уште пофантастичните 12 милијарди денари. Вакво зголемување на буџетот на Министерство за внатрешни работи немало од конфликтот 2001 година.

Што се плановите на Владата господине Славески. Од 8 милијарди на 12 милијарди без збор образложение да дадете. Сканадалозно господине министре. Како го одобривте и врз основа на што ова азголемување на буџетот на Министерство за внатрешни работи за цели 4 милијарди денари. Само љубителите на земјоделската политика дека отиде цел земјоделски буџет. Колку што Владата на ВМРО

ДПМНЕ ги доби сите пофалби и од опозицијата одвои за земјоделството, сега толку уште повеќе одвојувате само за ребалансирање на Министерство за внатрешни работи. Што планирате драги пријатели со Министерство за внатрешни работи? Не ви е јасно, ќе ви објаснам, затоа што ставките колку и да ги криете говорат зошто ќе се трошат овие 4 милијарди денари. Меѓутоа најскандалозниот факт министре, што најголемото зголемување ребалансот на буџетот од овде што оди, целоиот оди во Министерство за внатрешни работи, 4 милијарди денари, од коишто половина во тајната полиција. Жалосно оваа атмосфера во Република Македонија што буџетот се носи само за три дена и што ниту еден новинар, ниту еден експерт, ниту една невладина орагизација не го виде тој страотен факт. Затоа јас велам колку и да звучи страшно ова е буџет за инсталирање на полициска држава. Кога буџетот на Министерство за внатрешни работи го зголемувате за цели 50% од кои што најголем дел одат за тајната полиција.

И бидејќи ова е најинтересно кај тајната полиција плус 4 милијарди во приказот по расход на функции одат во јавниот ред и мир од кој што 2,5 милијарди за јавната безбедност, а преку 1,5 милијарда за тајната полиција.

И доаѓаме до тој момент. Значи досега буџетот на државната безбедност внимавајте бил 38 милиони денари, како што бил последните неколку 5-6 години, 48 милиони денари. Сега со овој ребаланс скокаат на милијарда петсотини триесет и осум милиони. Господине Славески за 60 пати ви е зголемен буџетот во делот на опрема на тајната полиција. Што ќе прави со овие пари тајната полиција. Знаете колку пари се ова? Според анализите што ги правевме тајната полиција ги нема потрошено овие пари во последниве 8 години, кумулативно. Јас ве прашувам дали за овој скандал расправала Владата? Дали вие воопшто ако смеете да го прашате шефот на тајната полиција сте го прашале зошто ги користи овие пари и ќе барам од Собранието да настане пауза денеска, бидејќи немаме комисии за контрола на работата на безбедносните служби, да се направи атхок екипа од сите парламентарни групи со по еден претставник и да се викнат луѓето на сослушување, што ќе правите со овие пари. Толку пари не беа потрошени ни во конфликтната 2001 година. Срамота е господине министре што 4,5 милијарди зголемување со ниту еден збор не го образložивте, се обидовте да го криете и затоа веројатно се обидувате овој буџет, надвор од сите законски процедури да го прошверцувате.

Јас би прифатил да се рабалансира буџетот нагоре за Министерство за внатрешни работи, на пример во делот на граничната полиција, каде што има дефицит на опрема, меѓутоа не, во делот на граничната полиција нема никакво зголемување. Целата опрема, а сите овие пари во тајната полиција одат за опрема, целата опрема ќе се набавува во тајната полиција. 1.500.000.000 денари за тајната полиција. Значи колку што не потрошено во последните 10 години заедно. Имате ли воопшто објаснување за овој факт господине министре или воопшто во Владата не наоѓаат за потреба да ве информираат. Државна безбедност, господине министре. Значи 60 пати ви е зголемен делот за купување на опрема. Што ќе купува тајната полиција со 1,5 милијарди денари. Цел буџет за земјоделие ќе биде искористен за набавки на тајната полиција.

Драги колеги од ВМРО, знам дека сте во постизборна атмосфера, меѓутоа овие елементи на набавка на тајната полиција вас треба најмногу да ве загрижат. За следење на опозицијата досега тајната полиција имаше доволно инструменти. Ова е наменето за вас, за бизнис секторот, за невладиниот сектор, значи комплетно инсталирање на полициска држава, затоа што досега полицијата имаше доволно инструменти и опрема да ги следи клучните опозициони фигури. Многу лоша насока заземаме. Многу лоша насока господине министре , а вие сте соучесник во ова. Овие пари наместо да одат во енергетски објекти, во изградба во патна инфраструктура, огромни 4,5 милијарди денари одат за ребалансирање набавките во полицијата. И срамота е во 40 минутно излагање збор да не кажете за ова, а да ни говорите дека се зголемила ставката за 2,3 милиони денари некаде во некоја расходна фунцкија. Повторувам, за 60 пати е зголемено проектираното во буџетот за набавка на опрема на државната безбедност. Факт кој што би морало сите во оваа држава многу да ги замисли. И, што е најинтресно сега како се обидувате од овој елемент да направите приказна дека буџетот е добар. Па ,велите растат капиталните расходи во буџетот и експертите во Македонија се залетаа и велат добро е тоа што расте делот за каспиталните расходи. Меѓутоа, тој раст на капиталните расходи целиот ви оди на купување на опрема во Министерство за внатрешни работи. Значи, тоа е прилогот на Владата во инвестициониот циклус. Сите екстра пари што ви се на ставката капитални инвестиции, сите одат на опрема во Министерство за внатрешни работи, полвина во јавна безбедност , половина во државна безбедност. Се разбира, за сметка на тоа на оваа реформска Влада намалени се средствата на Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство за цела 1, 1 милијарда, за 30% се намалени на Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство. Јас се чудам зошто господинот Иванов е толку тивок, сите овие пари се земаат од проектот Злетовица. Дали тоа значи господине Иванов дека вашите кадри кои раководат со овој проект се тотално неспосони, па не успеле да ги потрошат овие огромни средства за кои што ќе плаќаме кредити по однос на јапонскиот кредит, бидејќи овие средства се од заем, не се од буџетот директно или пак Владата планира да се откаже од проектот Злетовица. Значи, за 30% или

за 1, 1 милијарда денари се намалуваат во Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство. Министерството за локална самоуправа, повторни едно прашање до новиот партнер ДУИ. Средства во Министерството за локална самоуправа ви се намалуваат за 30%. Дали е ова дел од договорот со ВМРО ДПМНЕ. Значи неколку од вашите министри од ДУИ штом ќе тргнат на работа од 27 јули ќе се соочаат со скастрени буџети. Вашиот потпретседател со минус 40%, Муса Џафери идниот министер за локална самоуправа со 30% намален буџет, добар договор сте направиле со ВМРО ДПМНЕ, калиционен. Притоа, децентрализацијата е клучна опрелдба на државата и за Европската унија условите и за НАТО условите и за натамошниот развој. Гледаме како немилосрдно се крати. Патем овие 30% не се скратени од плати, надместоци, мебел, туку сите се од ставката рамномерен регионален развој. Се што била предвидено, сите 100 милиони за рамномерен регионален развој, одат во аут. Тоа не ни е потребно. Доле оди земјоделието, доле оди рамномерниот регионален развој, ќе ја јакнеме полицијата и државанта и јавната безбедност. Тоа е интерес на оваа реформска Влада. Ова се бројки од буџетот и кој сака да чита може да ги прочита и ве повикувам како пратеници добро да ги прочитате, затоа што ваквиот буџет ќе има многу лоши последици во сите нас како држава, меѓутоа и по вас како владеачко мнозинство. Велам, додека полицијата оди напред со плус 4,5 милијарди, несфатливо, значи ова е воен буџет за полицијата. Одбраната оди надоле. Притоа, се кратат преку 10% од средствата и тоа најголем дел таму каде што сме најдобри. На армијата и се одземаат 350 милиони денари. Зошто? И се одземаат од модернизација, од опремување, токму од она што треба да се набави за настапот на нашите сили во рамките на меѓународните мисии. Луѓе срамота е, од АРМ да одземате 350 милиони денари, а на тајната полиција 5 пати повеќе милијарди и 500 милиони денари. Луѓето од АРМ знаеме што прават , се борат во Авганистан, во Ирак, и придонесуват за нашата држава. Што прават луѓето од тајната полиција со 1,5 милијарди денари, не знаеме. Еве го клучниот доказ дека Груевски дигнал раце од НАТО. Програмата и во Владата и владината програма 6 милиони денари е симната на нула, тоа е таканаречената Б-2 програма-интеграција во НАТО. Значи и во рамките на Владата, во ставките на Владата е сведена на нула. Како не ви беше срам, што вели нашиот народ барем заради шминка, не се големи пари, да не ја сведевте на нула. Вака ептен од авион се гледа. Луѓево од Брисел штом го гледаат буџетот, јасно им е дека оваа Влада нема никаква намера ништо да направи за НАТО, штом во ребалансот на буџетот, Програмата за интеграција во НАТО ја става на нула. И исто така во Министерство за одбрана мошне силната програма за интеграција во НАТО, која што вреди 600 милиони денари или 10 милиони евра сте ја симнале на бедни 200 милиона денари. Значи сте одзеле преку 60 и 70 % од Програмата за интеграција во НАТО во Министерство за одбрана. Нема посилен доказ дека немате никаков абер да работите за интеграција на Република Македонија во НАТО и дека ги имате комплетно дигнато рацете од тој стратешки приоритет на нашата држава и тоа многу јасно го зборат бројките по овој буџет. Никаква детална интерпретација не им е, за жал, потребна.

Добро е што се вложува во образованието. Очигледно ви е и покритие за објаснувањето на ребалансот, меѓутоа за жал не е така. Во ставката за средно образование, одземате фантастични 25%. Сега ве молам, јас навистина не сум многу паметен да го објаснам овој парадокс. Во годината кога се воведува задолжителното средно образование, кога ќе има поголем прилив на ученици, кога ќе бидат потребни подобри физички услови, кога по основ на истиот тој закон се зголемени условите за прием во интернатите на тие училишта , вие за 25% ја намалувате ставката за средно образование.

Па луѓе, што правите? Стварно не знам што правите. Ставката за средно образование од 1.570.000.000 денари ја намалувате на 1.200.000.000 денари. Молам објаснување за овој апсурд. Се надевам дека ќе најдете објаснување, затоа што штом дојдовте тука, така мртов ладен, кул, да ни објасните дека Буџетот се ребалансира затоа што средствата одат во образование, а одат во полиција, вие нема да имате проблем ни овој парадокс да го објасните.

Наспроти клучната определба на оваа Влада за економска програма и развој, слушнавме дека и коалициониот партнер ДУИ ви ја прифатил во целост економската програма, вие, во делот каде што се гледа таа програма, повторно кратите.

Во Програмта Д-1, Подршка на развојот на мали и средни претпријатија имате повторно фантастично кратење од 40%. До сега таа програма ви била 100 милиони, сега ја намалувате на 60 милиони денари. И тоа во услови кога, господине министер, никаква мерка и со овој ребаланс, не давате за зголемување на конкурентноста. Да ве потсетам, што очигледно сакате да го заборавите тој факт дека, спомнувавте многу ранг листи, на ранг листата на конкурентност на Светскиот економски форум паднавме за десет места. Од 84 место на 94 мество. Никаква мерка за зголемување на конкурентноста не предлагате во овој ребаланс. Напротив, оние кои барем малку можат да помогнат, како што е оваа Програма Д-1 за поддршка на мали и средни претпријатија, драстично ја кратите господине министер. Апсолутно не е во ред тоа и тоа говори за целата хипокризија на овој Буџет.

Во енергетскиот сектор, клучниот проблем што е наш и среднорочен и долгорочен, нема никакви зголемувања на вложувањата. Уште го чекаме

господинот Ставрески потпретседателот на Владата, кој, ако не се лажам, точно пред една година дојде од Москва и се пофали дека, го цитирам “за две недели”, интервју во “Утрински весник”, “ќе биде склучен договорот за компензација со гасоводниот прстен”. Тие две недели станаа година дена и апсолутно никаква инвестиција нема во тоа. Ниту во патната инфраструктура со овој ребаланс, а можеа некои работи да се направат. Сите пари, како што кажав, за жал, отидоа комплетно во Министерството за внатрешни работи.

Повторно она што не е добро и на што предупреди Грифит, а го правите, со што го почнав и своето излагање, со тоа и ќе го завршам, одите директно на зголемување на јавната потрошувачка. Овој ваш проект за континуирано зголемување на платите што го правите, што апсолутно виси во воздух и за тоа најдобро говорат податоците на Народна банка. Во првиот квартал од оваа година, господине министер, платите пораснале за 10,2%, а продуктивноста на трудот само за 2,2%. Ова е навистина интересно и најверојатно ќе влезете во економската практика и во теорија на нашата држава и вие како министер за финансии. Да со продуктивност од 2% зголемувате плати со 10%. Само ја билдате јавната потрошувачка за да дојдете до посакуваниот раст. Меѓутоа, тоа е како дување на балон што во еден момент ќе експлодира, господине министре. И, токму преку феномените на инфлацијата, преку феноменот на страшниот буџетски дефицит што е излезен од ваша контрола целосно, тоа токму многу јасно се гледа.

За крајот, не би должел многу, очекуквам да дел од овие мои согледувања предизвикаат расправа, затоа што верувајте не се ниту ронка опозиционо мотивирани.

Ненормално е во една држава и во една влада, која вели дека се залага за економски развој, целиот ребаланс, 4,5 милијарди денари да одат во Министерството за внатрешни работи. Што се случува или што ќе се слчува во оваа држава што ние не го знаеме, за да Буџетот на Министерството за внатрешни работи треба да се зголеми за цели 50%? Повторувам, од 8 на 12 милијарди. Само зголемувањето на Буџетот на Министерството за внатрешни работи е поголемо од целиот Буџет што оваа Влада го дава за земјоделие. Ова заслужува објаснување. Ама не овде, на говорница во две минути, туку низ институциите.

Затоа, господине претседателе, јас ве молам врз основа на Деловникот ќе добиете и писмен предлог, да се формира, бидејќи сеуште немаме, за жал, формирано собраниски тела, се формира ад хок комисија. Бидејќи немаме ниту Комисија за финансирање и буџет, ниту Комисија за контрола на службите за безбедност да се испита каде одат овие 4,5 милијарди во Министерството за внатрешни работи. Нема да биде добро за никого ако го изгласаме овој буџет без да имаме одговор по спецификација на тоа прашање.

Не се 4 милиони, не се 40 милиони, не се 400 милиони, туку 4,5 милијарди денари. Буџет и пол за земјоделието. Тоа, господине министре, заслужува детално објаснување. И ве молам, не земајте реплика од три минути, бидејќи не верувам дека ви се доволни три минути. Барам детално објаснување, ако вие го знаете. Меѓутоа, независно од вашето објаснување, господине претседателе тоа е мојот конкретен предлог до вас, барам од сите пет пратенички групи што постојат во Собранието, со по еден претставник да се формира ад хок група што денеска, во текот на денот, во присуство на министерот за финансии, министерката за внатрешни работи, директорот на Јавната безбедност и директорот на Државната безбедност ќе ги разгледаат овие бројки. Зошто ни е потребен воен буџет на Министерството за внатрешни работи во мирнодобски услови.

Благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се пријавил министерот за финансии, господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Како што истакнав во експозето, ребаланс на буџет се носи да се види дали биле реални оценките за можноста за трошење на некои позиции. Природно е, беше спомнато овде преку системот “Злетовица”, спроведувањето на некои елементи од Рамковниот договор за правична застапеност итн, онаму каде е оценето дека до крајот на годината реализацијата ќе биде помала одошто се предвидела во декември минатата година, да се направат извесни приспособувања, со цел средствата да се искористат за други намени. Се со таа цел и со тој мотив е тргнато во ребалансирање на овие ставки.

Да спомнам дека за неколку позиции, на пример за средното образование, добро, не можете вие тоа да го видите, јас кажав дека не може Владата да оди со задолжително средно образование ако е точно тоа што го кажувате дека ги намалува средствата за 25%. Како е тоа можно? Еве го решението на парадоксот. Тоа е во системот на децентрализација. Средствата одат до општините затоа што средното образование е домен на општините.

Почитувани пратеници,

Се извинувам од место реагирав, ми пречеше тоа што секој втор збор на господинот Манасијевски беше тајна полиција, се обидувавме во нашите списи да најдеме таков буџетски корисник, не постои. Постои сосема друг буџетски корисник во рамките на Министерството за внатрешни работи.

Точно е дека значително се зголемени средствата со овој ребаланс на Министерството за внатрешни работи, но од тоа зголемување, господинот Манасијевски не презентираше

прецизни бројки, дозволете да кажам дека околу половина милијарда се наменети за набавка на униформи. Тоа го одложувавме веќе втора година, потоа за оружје, муниција, шлемови, заштитни маски, сервисирање на возниот парк, хелихоптери, членарини, резервн иделови и гуми, значи сервисирање на хелихоптерите, дневници за полицајци итн, заради нивен дополнителен ангажман.

Понатаму, во буџетот на Министерството за внатрешни работи, 3,4 милијарди денари се одвојуваат за следниве ставки: 922 милиони денари за систем за обезбедување на сообраќајот на раскрсниците во Скопје, а потоа и во Тетово; над една милијарда денари, 1,1 милијарда денари за набавка на хелихоптери. Само овие две ставки чинат и се прилично транспарентни над две милијарди денари. Потоа, 150 милиони денари за набавка на опрема за национална разузнувачка база и тоа не онаа разузнувачка база од оној тип на кој алудира господинот Манасијевски, туку во рамките на она што го спомнав кај други буџетски корисници за обезбедување заштита од корупција и организиран криминал, како и друг вид на опрема од итен карактер за државната безбедност.

Што се однесува до последната провокација што се однесуваше на растот на цените, растот на платите итн, продуктивноста да кажам дека господине Манасијевски кога споредувате со продуктивноста, што е реална категорија, треба да споредувате реални категории на другата страна. Вие го споредувате номиналниот раст на платите а не реалниот раст на платите. Аџустирајте го или приспособете го за стапката на инфлација, ќе видите дека тезата ви е погрешна. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господин Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Ова што го говореше министерот Славески само ги објаснува моите стравувања. Ова што се обидовте да го објасните преку униформи, раскрсници итн, тоа е делот во јавната безбедност. Тие 2,5 милијарди. Ниту денар не објаснивте од 1.500.000.000 во државната безбедност или тајната полиција. Од 24.000.000 денари се зголемува на 1.500.000.000, за 60 пати. Јас се сомневам, мислам дека не го знаете тој факт господине Славески, затоа што не ви кажале за што ги наменуваат средствата. Но тоа е срамота за вас како министер за финансии. И не очекувам одговор од вас.

Меѓутоа, како што кажав, барам низ собраниските механизми одговорните луѓе да ни објаснат за што ќе се троши 1.500.000.000 денари. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Оровчанец Ѓорѓи, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе.

Се јавив за збор, кратко, се надевам дека до истекот на времето за оваа претпладневна сесија ќе завршам.

Сакам да кажам неколку општи работи околу Ребалансот на буџетот и Буџетот.

Мислам дека овој ребаланс на буџет, врз база на или подлога на она што беше Буџет донесен за 2008 година е само создавање на една нова слика или проширување, продлабочување на сликата на успех на оваа Влада.

Значи, целата идеја, начинот на кој се ребалансира Буџетот за мене е само создавање на една перцепција на успех во која се користи Буџетот како инструмент. Со други зборови, ова е дел од бајката за успешната економија на Република Македонија, односно како Македонија претставува идеална бизнис средина, како и на фантастични економски перформанси и како живееме одлично.

Мене ме загрижува само една работа како на основа на сите овие перформанси Македонија е последна во регионот, а да не зборуваме дека е последна во Европа. Или, со други зборови Македонија неверојатно колку заостана и стана последната нација во Европа по сите перформанси.

Мене ме интересира и следното прашање што беше наметнувано низ дискусиите, а тоа е кој го предлага овој ребаланс на буџетот. Дали го предлага ВМРО-ДПМНЕ со Владата со ДПА, а за што гласа ДУИ или пак е тоа договор што е прелиминарно направен претходно, на уштрб на сите граѓани на Република Македонија?

Зошто го зборувам ова? Затоа што овој ребаланс на буџетот е практично само проекцијата за својата визија и перцепција на сфаќањата на економското живеење и она што сакаме да го прикажеме како нешто добро. И ова Собрание, што јас од овој момент или од денеска веќе не го сметам за Собрание, затоа што ова Собрание нема демократија, нема дебата, нема дискусија, овде се носат закони за 40 секунди, ова Собрание од денеска го прогласувам ...

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Се извинувам колега Оровчанец, сега дискутирате, зошто ...

**Ѓорѓи Оровчанец:** Затоа што имам право да кажам.

**Трајко Вељаноски:** Мислам дека треба да бидеме коректни. Еве конкретно вие дискутирате, а напаѓате дека нема дискусија.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Јас ова Собрание, господине претседателе, го третирам, вие не мора да го прифатите ова, го третирам како нотаријат на желбите на Владата и ништо повеќе. Ова е само оверувач на желбите, изразено преку носење на закони од 40 секунди. Не Собрание како централно место на демократијата, како законодавен дом на граѓаните на Република Македонија.

Сега, што сакам да кажам? Сакам да кажам дека стигнавме до тука да во оваа држава Владата стана главен монопол. Владата е монопол во оваа држава. Нема економија. Владата е се. Таков развој не може да има една држава доколку Владата држи се во свои раце.

Второ, мислам дека зборуваме за еден куп работи што се повторуваат и не знам сега дали се точни.

Зборуваме за ребаланс на буџетот за повторно купување на компјутери. По кој пат ќе купуваме компјутери? Нели купивме компјутери за средно образование и за сите деца? Или сега треба да купиме уште нешто друго за да се пополни тоа?

Понатаму, вработувањето. Македонија е неверојатно неуспешна земја во вработувањето. И покрај две години владеење досегашно и перспективно 4 години, јас не се надевам на нешто што би внело успех во ова цел, посебно што се сака да се прикажат одредени периодични, посебно во предизборниот период, партиски вработувања, како намалување на невработеноста. Тоа е само една фарса што на Македонија пак не и дава перспектива.

Странски инвестиции, министерот кажа дека имаме зголемување. Ама, зголемување во однос на што? На она што било претходната година? Го третираме тоа како деловно?! Тоа е толку оскудно што ние странски инвестиции, можеме да кажеме дека се сведени на минимум или на инфузија што е “капка по капка” меѓутоа недоволна да не рехидрира.

Ќе се осврнам на нешто што најмногу реформски се фалеше, а тоа е здрвството. Во здравството, ликвидноста на Фондот ја направивте со зголемување на смртноста, драги мои колеги. Смртноста во Република Македонија е зголемена благодарение на неадекватен третман. Што значи лошо организирање на здравството, лошо негово позиционирање, немање на адекватни средства за лекување и немање на сите други погодности што требаат. Или, ликвидноста е рамна кај нас со зголемена смртност.

Второ, ДРЈ -то што се споменува и овде го споменавте господине министер е добра метода и таа е најавена уште 2002 година. Меѓутоа, начинот на кој што е направена, односно недефинираниот коефициент на ДРЈ -то зборуваат во моите пресметки дека само 28% од јавните установи во оваа земја ќе успеат да го преживеат односно ќе опстанат со овој модел. Јас не знам како ќе им објасните понатаму на граѓаните на Република Македонија дека ќе им ги затворате болниците. Како што е на пример во Кичево, како што е во Кавадарци и да не ги напомнувам затоа што се многу, односно само 28% од нив ќе успеат да опстојат некако.

Се на се, овој ребаланс на буџетот е само уште една шминка на перцепцијата пред јасноста што треба да се создаде дека имаме идеално општество со одлични перформанси. Меѓутоа, еден ден растрезнувањето ќе мора да биде присутно и тогаш ќе треба да се објасни на граѓаните зошто секој ден живеат се полошо и полошо.

Се надевам дека до следниот буџет ќе дојдат ситуации да можат и овие елементи од погрешната претстава или перцепција да бидат објаснети. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам општиот претрес.

Со оглед на тоа што времето е истечено, давам пауза до 15,00 часот.

Продолжуваме со работа во 15,00 часот.

Благодарам.

(Пратениците отидоа на пауза во 14,03 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,25 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на Раздел 04009 Програма М потпрограма М4 категорија 42 ставка 425 и за отворање нова категорија 48 и ставка 483 и тој е составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Пратениците Веле Ѓеорѓиевски и Светлана Јакимовска поднесоа амандман на раздел 13001 Програма 3 Потпрограма 3Б Категорија 48 ставка 488 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 Категорија 42 ставка 426, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Џеват Адеми и Јулијета Марку поднесоа амандман на раздел 19101Програма 3 за додавае нова Категорија 48 и ставка 488 во Потпрограмата 30 во Категоријата 46 и ставката 464 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Феми Јунузи, Блерим Беџети, Талат Џафери и Хисен Џемаили поднесоа амандман на Раздел 13001Програма 3 Потпрограма 3Б ставка 488 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Феми Јунузи, Блерим Беџети и Хисен Џемаили поднесоа амандман на Раздел 13001 Програма 2 за додавање нова Потпрограма 2Б и ставка 488 по Потпрограмата 2А и ставката 489 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Џеват Адеми, Аднан Јашари и Хисен Џемаили поднесоа амандман на Раздел 12101 Програма 2 Потпрограма 2Б ставка 482 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ивица Георгиевски поднесе амандман на Раздел 16101Програма 3 Потпрограма 30 Категорија 46 ставка 463 и на Раздел 16101 Програма 2 Потпрограма 20 Категорија 48 ставка 482 и на Раздел 16101 Програма 2 Потпрограма 20 Категорија 46 ставка 463 и на Раздел 16101 Програма 2 Потпрограма 2А Категорија 48 ставка 482, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Јаготка Ивановска поднесе амандман на Раздел 16001 Програма 2 за додавање нова Потпрограма 2Г Категорија 48 и ставка 482 во Потпрограмата 2Б и ставката 482 на Раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 2Б Категорија 48 ставка 482, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Марјанчо Колевски поднесе амандман на Раздел 18001 Програма 1 за додавање нова Потпрограма 1Г и ставка 482 Потпрограмата 1В и ставка 482 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 12101 Програма 2 Потпрограма 2Б ставка 482 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482 поднесени од пратениците Џеват Адеми, Аднан Јашари и Хисен Џемаили.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? Има збор господин Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам претседателе.

Во име на сите кои предложија амандмани од пратеничката група на ДУИ ги повлекуваме сите предложени амандмани. Зборувам за амандманите кои се предложени од пратеничката група на ДУИ. Ако треба можеме да одиме и по броеви, или е доволно ова, или во пакет да ги повлечеме сите наши предложени амандмани. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Јас само ќе ги читам тие амандмани што се поднесени и ќе констатирам, ако има некој проблем во констатацијата би ве замолил да интервенирате, ако нема ваша интервенција со оглед на тоа ќе констатирам дека е повлечен амандманот.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Исто така, констатирам дека амандманот на Раздел 13001 Програма 2 за додавање нова Потпрограма 2Б и ставка 488 по Потпрограмата 2А и ставката 489 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Феми Јунузи, Блерим Беџети и Хисен Џемаили е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 Програма 3 Потпрограма 3Б Категорија 48 ставка 488 и Раздел 09002 Програма 2 Подпрограм 20 Категорија 42 ставка 426, поднесен од пратениците Веле Ѓорѓиевски и Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Подносителите на овој амандман предлагаат да се алоцираат средства за изградба на фекална канализација во населбата Драчево. Морам да спомнам, мислам дека за тоа е информиран и Парламентот и јавноста дека Владата обезбедува значителна сума на средства во наредните неколку години да се решат голем број на комунални проблеми низ населбите, општините во Република Македонија со средства од меѓународни финансиски институции.

Од тука, затоа што ова ќе подлежи на посебна програма, утврдување наприоритети, јас се надевам дека ова сега што се предлага ќе влезе во првата фаза на тие приоритети, мислам дека амандманот не треба да се прифати, односно Владата не го прифаќа амандманот, за да можеме во еден програмски пристап да започнеме со решавање на овие прашања.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господин Ѓорѓиевски Веле.

**Веле Ѓорѓиевски:** Амандманот го повелекувам.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам дека амандманот е повлечен.

Констатирам дека амандманот на Раздел 13001 Програма 3 Потпрограма 3Б ставка 488 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Феми Јонузи, Блерим Беџети, Талат Џафери и Хисни Џемаили е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 2 за додавање нова потпрограма 2Г Категорија 48 и ставка 482 подпрограма 2Б и ставка 482 и Раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 2Б и Категорија 48 ставка 482, поднесен од пратеникот Јаготка Ивановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Ивановска Јаготка, повелете.

**Јаготка Ивановска:** Го повлекувам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16101 Програма 2 Потпрограма 20 Категорија 46 ставка 463 и Раздел 16101 Програма 2 Потпрограма 2А

Категорија 48 ставка 482, поднесен од пратеникот Ивица Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Пратеникот Георгиевски предлага во рамките на ист буџетски корисник, тоа е Агенцијата за млади и спорт да се изврши пренамена, значи нема дополнително зафаќање на средства од други извори и за тоа ќе го прифатиме амандманот.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16101 Програма 3 Потпрограма 30 Категорија 46 ставка 463 и Раздел 16101 Програма 2 потпрограма 2А Категорија 48 ставка 482, поднесен од пратеникот Ивица Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот е од истата природа како претходниот, во рамките на истиот буџетски корисник Агенција за млади и спорт, прераспределба на пет милиони денари и амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18001 Програма 1 за додавање нова Потпрограма 1Г и ставка 482 потпрограмата 1В и ставка 482 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Марјанчо Колевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Слвески:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господин Марјанчо Колевски, повелете.

**Марјанчо Колевски:** Амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е повлечен, констатирам дека амандманот е повлечен.

Констатирам дека амандманот на Раздел 19101 Програма 3 за додавање нова категорија 48 и ставка 488 во потпрограмата 30 по Категорија 46 и ставката 464 и Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Џеват Адеми и Јулијета Марку е повлечен.

Со оглед на постојните амандмани кои ги завршивме, инаку, од службите ме информираат дека доставени се други 6 амандмани што се однесуваат на Буџетот за Собранието, давам пауза од 15 минути.

Продолжуваме со работа во 15,50 часот

(Пауза од 15,37 часот)

(По кратката пауза седницата продолжи со работа во 16,03 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Во меѓувреме пратеникот Силвана Бонева поднесе амандмани на Раздел 02001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483; Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464; Раздел 02001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 424; Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464; Раздел 02001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 426; Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464; Раздел 02001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 425; Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Крсто Мукоски поднесе амандман на Раздел 13001 Програма 3 за додавање нова Потпрограма 3-ѓ Категорија 48 и ставка 488 Потпрограма 3-ф и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 Категорија 42 ставка 426, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Неждет Мустафа и Амди Бајрам поднесоа амандмани на Раздел 15020 Програма 4 Потпрограма 47 ставка 425 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева, Илија Китаноски, Оливер Шамбевски и Светлана Јакимовска поднесоа амандман на Раздел 02001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 420 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 426 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева, Илија Китаноски и Оливер Шамбевски, поднесоа амандман на Раздел 02001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 423 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандман на Раздел 02001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 420 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 426 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китаноски, Оливер Шамбевски и Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе,

Овој амандман е за потребите на одделни служби во Собранието на Република Македонија Владата го прифаќа амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Отворам претрес по амандман на Раздел 02001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 423 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китаноски и Оливер Шамбевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Отворам претрес по амандман на Раздел 02001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 424 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе, а мандманот се прифаќа, повторно за Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Констатирам дека амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Отворам претрес по амандман на Раздел 02001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 425 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Отворам претрес по амандман на Раздел 02001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 426 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот е ставката тековни расходи на буџетскиот корисник - Собранието на Република Македонијам се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Отворам претрес по амандман на Раздел 02001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе**,** Владата сака да го прифати овој амандман, но предлага наместо ставката 464 разни трансфери, средствата да бидат обезбедени од ставката 486- функции на држава.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева како предлагач да се произнесе по измената на предлогот од министерот за финансии.

**Силвана Бонева:** Се согласувам со промените, благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Со оглед на тоа дека пратеникот се согласува со измената на ставката, констатирам дека амандманот е прифатен со измената цитирана од министерот за финансии за ставка 486 и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Отворма претрес на Раздел 15020 Програма 4 Потпрограма 47 ставка 425 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратениците Неждет Мустафа и Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе**,**

Амандманот се однесува на дополнување на средствата на Програма за реализација на активностите на Декадата на Ромите кој го поднесуваат пратениците, со оглед на тоа што ставката од која се предлага да се обезбедат средствата може да обезбеди половина од средствата кои се предлагаат односно наместо 6 да бидат 3 милиони денари, ние би ценеле до колку предлагачите се согласат овој амандман да биде на 3 милиони денари.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Неждет Мустафа по однос на предлогот од министерот за финансии, повелете.

**Неждет Мустафа:** Благодарам господине претседателе,

Со огромно разбирање кон министерот, пратеникот Амди Бајрам и јас потполно се согласуваме со предлогот на министерот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед на тоа констатирам дека амандманот е прифатен видоизменет во однос на износот на средствата како што е предложено од министерот за финансии и амандманот станува составен дел

од текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 Програма 3 за додавање нова Потпрограма 3-ѓ Категорија 48 и ставка 488 Потпрограма 3-ф и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 Категорија 42 ставка 426, поднесен од пратеникот Крсто Мукоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете министре.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Со овој амандман се предлага довршување на обиколница во општина Вевчани. Претходно беше кажано дека Владата на Република Македонија обезбедува средства за локални и регионални патишта и мислам дека е подобро со таа Програма да се реализира овој проект, одошто со интервенција во овој ребаланс затоа што сега не можеме да обезбедиме средства, ќе влезе во Програмата најверојатно како приоритетен и морам да кажам дека амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, амандманот не се прифаќа.

Има збор господинот Крсто Мукоски, повелете.

**Крсто Мукоски:** Благодарам претседателе, го повлекувам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам дека амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓица Марија Андоновска, повелете.

**Марија Андоновска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Би сакала сосема накратко да се осврнам на еден дел од ребалансот на Буџетот кој како пратеник од изборна единица 2 како пратеник од Ѓорче Петров го задржа мојот интерес.

Граѓаните на Ѓорче Петров во местата Волково, Ново Село, Кисела Јабука долги години, народски кажано,практично цел живот се соочуваат со еден голем проблем на недостиг на водоводна и канализациона мрежа. Тие се принудени на разни начини да се снаоѓаат за изнајдување на вода за пиење што ги отежнува нивните животи.

Најголем дел од граѓаните имаат бунари кои се во непосредна близина на јазлите каде се влева фекалниот смет од нивните септички јами што е последица на немање на канализациона мрежа, а со тоа се загадува и онаа вода со која се снабдуваат од бунарите.

И покрај тоа што овој проблем е во надлежност на локалната власт на општина Ѓорче Петров од мое лично име, од името на пратениците од Ѓорче Петров господинот Шамбевски, госпоѓата Владанка Авировиќ и претседателот на Собранието на Република Македонија господинот Трајко Вељаноски, а воедно и од името на граѓаните кои се засегнати од овој проблем сакам да искажам една голема благодарност до министерот Трајко Славески, до Владата на ВМРО-ДПМНЕ што имаше слух да го реши нивниот проблем.

Искрено се надевам дека со Буџетот за 2009 година ќе се обезбеди и оној мал дел остаток од средствата кои ќе бидат доволни за целосно завршување на овој проект. Додека со овие средства 19 милиони денари ќе бидат доволни да се затвори оној лак и крацитe за водоснабдување во месноста наречена Црквиште, а со тоа ќе се затвори и водоснабдувањето и ќе се отпочне со изградба на канализационата мрежа која е навистина од голем интерес за граѓаните кои се засегнати со овој проблем.

Од нашата позиција што ја имаме како пратеници ќе се обидеме да ги следиме наменското искористување на овие средства од страна на општината и уште еднаш голема благодарност од наше име и од името на граѓаните до министерот за финансии Трајко Славески и до Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по тесктот.

Пред да гласаме предлагам за Предлогот на Буџетот да гласаме во целина, освен за Програмата “Ревизорско тело за претпристапни фондови на Европската унија во Република Македонија” од Разделот наменет за Државниот завод за ревизија Разделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија и Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител за кои, согласно Законот за државнат ревизија и Законот за Народниот правобранител, Собранието гласа посебно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеника, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот? (Никој)

Дали има воздржан?(Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот вкупно гласаа 67 пратеника, од нив сите 67 гласа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Преминуваме на гласање.

Програмата “Ревизорско тело за претпристапни фондови на Европската унија во Република Македонија” од Разделот на Државниот завод за ревизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по “Ревизорско тело за претпристапни фондови на Европската унија во Република Македонија”, од Разделот за Државниот завод за ревизија, со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој).

По Програмата “Ревизорско тело за претпристапни фондови на Европската унија во Република Македонија” од Разделот за Државниот завод за ревизија вкупно гласаа 68 пратеника, од нив сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Програмата “Ревизорско тело за претпристапни фондови на Европската унија во Република Македонија”од Разделот за Државниот завод за ревизија е усвоена.

Разделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеника, сите 67 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Разделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија, со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (никој)

Дали има воздржан? (Нема).

Кој е против? (Никој)

По Рзделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија вкупно гласаа 67 пратеника, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Разделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија е усвоен.

Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеника од нив за гласаа 66, воздржани нема, против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител, со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржан? (Нема).

Кој е против? (Никој).

По Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител вкупно гласаа 66 пратеника, од нив за гласаа сите 66, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител е усвоен.

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеника, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година, со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржан? (Нема).

Кој е против? (Никој)

По Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година вкупно гласаа 67 пратеника, од нив сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Седмата седница на Собранието на Република Македонија..

Следната Деветта седница е закажана за четврток во 11,00 часот. Ви благодарам.

(Седницата заврши со работа во 16,21 часот)